# 2017 - 2019 г.

**САМОЕВАЛУАЦИЈА**

ООУ „КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“, КИСЕЛА ВОДА – СКОПЈЕ

**Содржина**

Лична карта на училиштето- општи податоци------------------------------------------------------------------------------------------------
Мапа на училиштето-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Мисија и визија на училиштето--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Правилник за начинот и областите за вршење на самоевалуација на основните училишта-----------------------------------
Фази на спроведување на самоевалуација---------------------------------------------------------------------------------------------
Цели на самоевалуација------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Процес на самоевалуација----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Самоевалуација- подрачја/области-----------------------------------------------------------------------------------------------------
Список на групи-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 1: Организација и реализација на наставата и учењето-------------------------------------------------------------------
Подрачје 2: Постигања на учениците-------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 3: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар-------------------------
Подрачје 4: Управување и раководење---------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 5: Комуникации и односи со јавноста------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 6: Училишна клима и култура------------------------------------------------------------------------------------------------------
Подрачје 7: Соработка со родителите и локалната средина--------------------------------------------------------------------------

# ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

**Општи податоци за училиштето**

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ |
| **адреса, општина, место** | ул. „Пушкинова“ бр. 17, Кисела Вода, Скопје |
| **Телефон** | (02) 2776643 |
| **фах** | (02) 2776643 |
| **е-маил** | kirilpejcinovicsk@yahoo.com<br>kirilpejcinovicsk@gmail.com<br><br>веб: https://www.kirilpejcinovic.edu.mk |
| **основано од** | 1944 |
| **Верификација- број на актот** | 15-1990/1 |
| **Година на верификација** | 03.12.1985 од Општински комитет на образование, култура и физичка култура на Собранието на Општина Кисела Вода |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | македонски |
| **Година на изградба** | 1972 |
| **Тип на градба** | Цврста градба |
| **Површена на објектот** | 4843 $m^2$ |
| **Површина на училшниот двор** | 2675 $m^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 990 $m^2$ |

# Мапа на училиштето




Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ се наоѓа во град Скопје во Општина Кисела Вода. Местоположбата на училиштето е мошне поволна бидејки во негова близина се сместени административни центри: Општина Кисела Вода, Центарот за социјална работа, голем број на трговски организации и главни сообраќајници. Училиштето се наоѓа на ул. Пушкинова бр. 17. Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ има свое лого на кое е исцртана зградата на училиштето, како и целото име и презиме на патронот на училиштето. Училиштето има и своја химна изготвена од композиторот Горан Милошевски.

## Мисија и визија на училиштето

**Мисија:** Нудиме стручен и квалитетен кадар, примерни ученици, работна средина со грижа и поддршка каде секој може да ја развие и зајакне својата индивидуалност, креативност, одговорност и задоволство од работата, без разлика на етничката припадност. Во ова поглавје се дефинираат принципите, вредностите, очекувањата, мотото и логото на училиштето.

**Визија:** Сакаме да создадеме училиште во кое на учениците ќе им понудиме квалитетни знаења, услови за развивање на креативноста и истражувачкиот дух, стекнување на самостојност и самодоверба, меѓусебно почитување и изучување на културата на живеење на етникумите во Р. Македонија.

**Самоевалуацијата во нашето училиште се врши врз основа на**

**ПРАВИЛНИКОТ**

**ЗА НАЧИНОТ И ОБЛАСТИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ**

**НА САМОЕВАЛУАЦИЈАТА НА ОСНОВНИТЕ**

**УЧИЛИШТА**

**–донесен според член 149 од Законот за основно образование**

**(“ Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), од министерот за образование и наука.**

**Самоевалуацијата во нашето училиште**

**се спроведува во три (3) фази:**

1. Подготвителна фаза
2. Фаза на реализација
3. Фаза на известување и усвојување

# Цели на самоевалуацијата

- Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- Ефективно и ефикасно раководење на Директорот со училиштето.
- Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.
- Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

# Процес на самоевалуација

**Формирање тим за самоевалуација**

↓

**Примена на соодветни индикатори, методи и инструменти**

↓

**Собирање податоци за состојбата на училиштето**

↓

**Примена на соодветни индикатори, методи и инструменти**

↓

**Извештај од самоевалуацијата**

↓

**Примена на соодветни индикатори, методи и инструменти**

- Шематски приказ на процесот на самоевалуација

## Самоевалуација - подрачја/области

1. Организација и реализација на наставата и учењето
2. Постигања на учениците
3. Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар
4. Управување и раководење
5. Комуникации и односи со јавноста
6. Училишна клима и култура
7. Соработка со родителите и локалната средина

# СПИСОК НА ГРУПИ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

**Директор: м-р Борче Миревски**
**Раководители на тимот: Славица Богоевска (наставник по англиски јазик) и Жаклина Стојановска (педагог)**
**Член од Совет на родители: Елена Велкоска**
**Техничка подршка: Велика Миленковска**

| **I група** | **ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Валентина М. Кенкова** |
| 1. | Виолета Велјановска |
| 2. | Ленче Манева |
| 3. | Снежана М. Мустачка |
| 4. | Антониета Ѓорѓиевска |
| 5. | Ивана Јаневска Николоска |
| 6. | Анета Киркова |
| 7. | Мирјана Дичова |
| 8. | Даница Стефановска-Настевска |
| 9. | Александра Б. Спасовска |
| 10. | Емилија Наумовски |

| **II група** | **ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Маја Михаиловска** |
| 1. | Драга Филовска |
| 2. | Виолета Симеонова |
| 3. | Лидија Илијовска |
| 4. | Викторија Г. Младеновска |
| 5. | Вера Митровска |
| 6. | Велика Миленковска |
| 7. | Елизабета Митревска |
| 8. | Сашка Младеновска |

| **III група** | **ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ , СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР** |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Дафина Ѓеоргиевска** |
| 1. | Еленора Лазаров |
| 2. | Марина Николовска- Ристова |
| 3. | Анета Велкоска |
| 4. | Тодор Здравков |
| 5. | Анета Буковалова |
| 6. | Маја Арсовска |

| IV група | УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Емилија Стефановска** |
| 1. | Павлинка Мијалова |
| 2. | Викторија Несторовска |
| 3. | Катерина Кузмановска |
| 4. | Васа Трајчевска |
| 5. | Злате  Велков |

| V група | КОМУНИКАЦИИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Илинка Димовска** |
| 1. | Катерина Ѓуровска |
| 2. | Сузана Спирковска |
| 3. | Надица Поповска |
| 4. | Билјана Мицковска |
| 5. | Сашо Јованоски |
| 6. | Лилјана Николиќ |

| VI група | УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Снежана Цоневска** |
| 1. | Александра Рилкова |
| 2. | Александра Ѓуровска |
| 3. | Ирена Стефанова |
| 4. | Елена Ј. Бендовска |
| 5. | Даниела Долевска |
| 6. | Гордана Стојковска |

| VII група | СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И ЛОКАЛНА СРЕДИНА |
|---|---|
| **Одговорен наст.** | **Ирена Шехтанска** |
| 1. | Весна Бошковска |
| 2. | Николче Зиков |
| 3. | Даниела Јовановска |
| 4. | Бетка Спасовска |

| ПОДРАЧЈЕ 1 | ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА И УЧЕЊЕТО |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Валентина М. Кенкова**, Виолета Велјановска, Ленче Манева, Снежана М. Мустачка, Антониета Ѓорѓиевска, Ивана Јаневска Николоска, Анета Кирковска, Мирјана Дичова, Даница С.Настевска, Емилија Наумовски, Александра Б. Спасовска |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| 1.1 | **Реализација на наставните планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Реализација на проширени програми |
| 1.2 | **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми |
| 1.3 | **Воннаставни активности** | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности |
| 3.1 | **Планирања на наставниците** | • Поддршка и следење на планирањата на наставниците<br>• Индивидуални планирања на наставниците<br>• Размена на искуства и информации при планирањето<br>• Распоред на часови |
| 3.2 | **Наставен процес** | • Наставни форми и методи<br>• Избор на задачи, активности и ресурси<br>• Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>• Приодот на наставникот кон учениците<br>• Следење на наставниот процес |
| 3.3 | **Искуства на учениците од учењето** | • Средина за учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| 3.4 | **Задоволување на потребите на учениците** | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |

| | | |
|---|---|---|
| **3.5** | **Оценувањето како дел од наставата** | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **6.1** | **Сместување и просторникапацитети** | • Просторни услови<br>• Искористеност на просторните капацитети |

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

| | |
|---|---|
| | • **Применувани наставни планови и програми**<br>• **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>• **Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>• **Избор на наставни предмети**<br>• **Реализација на проширени програми** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН за 2018/19 год<br>• Годишни – тематски планирања на наставниците<br>• Нормативни акти на училиштето<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Записници Совет на родители на училиштето<br>• Записници од родителски средби.<br>• Записници од стручни активи<br>• Записници од наставнички совети на училиштето и активите<br>• Анкетен прашалник<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните планови и програми<br>• Покани за учество на семинари | • **Применувани наставни планови и програми**<br>Нашето училиштето воспитно- образовната работа ја остварува врз основа на наставни планови и програми за девет годишно основно образование изготвени од БРО, а одобрени од МОН. Промени во наставните планови и програми нема, а доколку ги има тие промени произлегуваат од БРО и МОН. Во документите за наставните програми постојат упатства за реализација на наставната програма за одреден предмет. Во училиштето изучувањето на предметите математика, природни науки, физика, хемија и биологија се реализира согласно адаптираните наставни програни од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.<br>Стручните соработници даваат целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско- процесно планирање и оперативен план за час, при што може да се види и од прашањето на кое одговориле наставниците во анкетниот прашалник: ,,Стручниот соработник дава целосна поддршка на наставниот кадар при изработка на годишно, тематско, тематско-процесно планирање и оперативен план за час“. Од вкупно 48 испитаници, потполно се согласувам одговориле 20- 41,67%, во главно се согласувам одговориле 19-39,58%, со делумно се согласувам одговориле 6-12,50% и не се согласувам одговориле 3-6,25%.<br><br>• **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>Информирањето на родителите за целите на наставните планови и програми се врши на родителска средба која се одржува на почетокот на учебната година. Секој наставник на првите часови ги запознава учениците со наставниот план и програма за секој наставен предмет што го предава.<br><br>За реализација на наставните планови и програми родителите се информираат и на состаноците на Советот на родители.<br>Доколку во наставните планови и програми има измени за истите наставниците се запознаваат на семинари организирани од страна на БРО и МОН.<br><br>• **Прилагодување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>Училиштето посебно посветува внимание на Инклузијата на деца со посебни образовни потреби. Истите |

се идентификувани од страна на наставниците и стручните соработници.Секој наставник кој има ученик со посебни потреби има изработено ИОП и истите се приложени во нивната годишна програма за работа. Во изработката на програмата учествува наставникот, инклузивен тим и дефектологот во соработка со родителот.

На прашањето во анкетниот прашалник „Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии“, од вкупно 48 наставници, потполно се согласувам одговориле 15-31,25%, во главно се согласувам одговориле 22-45,83%, со делумно се согласувам одговориле 3-6,25%и не се согласувам одговориле 8-16,67%.

- **Избор на наставни предмети**

Учениците вршат избор на наставни предмети според наставниот план и програма добиени од МОН по претходно информирање од страна на училиштето на родителските состаноци и со помош на изготвени анкетни листови. Врз основа на одговорите од анкетните прашалници се врши избор на изборните предмети. Таков избор вршат сите ученици без разлика на полот и етничката припадност. Училиштето ги задоволува потребите и желбите на учениците при изборот на изборните предмети бидејќи нуди избор на повеќе предмети.

На прашањето поставено на учениците во анкетниот прашалник „ Задоволен сум од понудените изборни предмети“, од вкупно 250 испитаници, потполно се согласувам одговориле 135-54%, во главно се согласувам одговориле 58-23,20%, со делумно се согласувам одговориле 32-12,80% и не се согласувам одговориле 25-10%.

- **Реализација на проширени програми**

Во нашето училиште има изготвен план за проширена годишна програма, но на првата родителска средба родителите се изјасниле дека немаат потреба од прифаќање на децата еден час пред и по настава, бидејќи поголем број од децата ќе посетуваат продолжен престој каде што децата се згрижени до 17:00 часот.

Во продолжен престој формирани се 8 групи и тоа:

- 3 групи за прво одделение
- 3 групи за второ одделение
- 2 групи за трето одделение

За време на продолженииот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно – уметнички и други активности, согласно со Годишната програма за работа на продолжен престој во училиштето.

## 1.2. Квалитет на наставните планови и програми

| | |
|---|---|
| | • **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>• **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>• **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>• **Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Наставни планови и програми донесени од БРО и МОН за2014/15год<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Стручни Активи<br>• Летописна книга каде се забележани посети на семинари<br>• Анкетен прашалник за ученици<br>• Анкетен прашалник за наставници<br>• Анкетен прашалник за родители<br>• Записници од активи на наставници<br>• Записници од наставнички совети<br>• Одделенска книга каде се заведени часовите за грижа за здравјето на учениците<br>• Предавања од стручни лица<br>• Наставна програма по запознавање со околината<br>• Наставна програма по граѓанското образование<br>изработени проекти | • **Родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала**<br>Во училиштето доминираат ученици од едно етничко потекло - Македонци, така што меѓу етнички конфликти нема.<br>Според насоките во програмите за работа, родова и етничка рамноправност целосно се применува.<br>Преку определени содржини по предметите граѓанско образование и Конвенција на правата на детето се придонесува во нивниот личен и општествен развој.<br>Образовението за човековите права се реализираат на часовите по одделенска заедница од второ до деветто одделение, како и на часовите по граѓанското образовение. Други теми поврзани со општествената проблематика училиштето ги реализира на часовите по граѓанско образовени и култура во осмо и деветто како и конвенцијата за правата на детето кај ученици од трето и четврто одделение.<br>Се вршат истражувања и проекти по предметот граѓанско образование и култура.<br>• **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>Постојат добри примери на соодветно интегрирани особености на локалната средина во наставните програми и наставните помагала.<br>• **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>На прашањето од вкупно 48 наставници во анкетниот прашалник „Се даваат предлози за меѓупредметна интеграција“, потполно се согласувам одговориле 20-41,67%, во главно се согласувам одговориле 18-37,50%, со делумно се согласувам одговориле 7-14,58% и не се согласувам одговориле 3-6,25%.<br>Постои можност за интегративен пристап кон содржините на предметите.<br>• **Влијание на наставниците и родителите врз наставните планови и програми**<br>Начинот на кој наставниците, родителите и учениците можат да влијаат за измени во наставната програма е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. |

## 1.3. Воннаставни активности

| | |
|---|---|
| | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности**<br>• **Опфатеност на учениците со вонnаставните активности**<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонnаставните активности**<br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Анкетен прашалник за ученици<br>• Анкетен прашалник за наставници<br>• Анкетен прашалник за родители<br>• Одделенска книга каде се заведени часовите за дополнителна, додатна настава<br>• Летописна книга<br>• Дипломи<br>• Пофалници<br>• Признанија<br>• Медалји<br>• Годишен извештај за работа | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности**<br>Училиштето планира и реализира вонnаставни активности прилагодени според потребите и можностите на учениците. Во вонnаставните активности се вклучени и учениците со посебни образовни потреби како и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социо-економски статус.<br>• **Опфатеност на учениците со вонnаставните активности**<br>Најголем број ученици се вклучени барем во една вонnаставна активност и на тој начин лично се афирмираат и придонесуваат за афирмација на училиштето (натпревари, учество во ТВ емисии). Учениците во вонnаставните активности учествуваат по сопствен избор.<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонnаставните активности**<br>Учениците имаат главна улога во изготвувањето на програмите за работа на вонnаставните активности.<br>На прашањето поставено на учениците во анкетниот прашалник „Наставниците ме потикнуваат да се вклучам во вонnаставните активности“, од вкупно 250 испитаници, потполно се согласувам одговориле 153-61,20%, во главно се согласувам одговориле 66-26,40%, со делумно се согласувам одговориле 22-8,80% и не се согласувам одговориле 9-3,60%.<br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности**<br>Учениците од страна на наставниците и училиштето се мотивирани да учествуваат на локални и државни натпревари и манифестации каде што постигнуваат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на ниво на општина, град и држава и имаат освоено пофалници, дипломи, медалји. |

### 3.1.Планирања на наставниците

| | |
|---|---|
| | • **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>• **Индивидуални планирања на наставниците**<br>• **Размена на искуства и информации при планирањето**<br>• **Распоред на часови** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишни, тематски планирања и дневни подготовки.<br>• Пропишана интерна процедураза следење на на планирањата на наставниците;<br>• Евидентени листови/ Инструменти за следење на планирањето на наставниците;<br>• Разговор со директор, стручна служба, наставници.<br>• Записници од состаноци на стручни активи;<br>• Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставен час.<br>• Распоред на часови за 2018/19година. | • **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>Во училиштето се следи наставниот процес. Секој наставник најмалку двапати се посетува на час од страна на директорот или стручна служба.<br>На прашањето „ Најмалку два пати во годината се врши посета на наставен час кај секој наставник“, од вкупно 48 испитаници, потполно се согласувам одговориле 24-50%, во главно се согласувам одговориле 15-31,25%, со делумно се согласувам одговориле 6—12,50%и не се согласувам одговориле 3-6,25%.<br>• **Индивидуални планирања на наставниците**<br>Сите наставници имаат годишни и тематски планирања и дневни подготовки кои ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот. Планирањата на наставниците содржат јасни исходи што се очекува учениците да научат. Целите, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно дефинирани во планирањето, а наставниците ги користат добиените информации од оценувањето за да ги идентификуваат потрбите на учениците и да ги планирааат следните чекори во учењето. Домашните задачи што ги задаваат наставниците се според важечките „Упатства, за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците“, подготвени од БРО, така планирани за ефективно да се искористи времето и на учениците и на наставниците.<br>• **Размена на искуства и информации при планирањето**<br>Наставниците на состаноците на стручните активи планираат и разменуваат искуства за планирањата како и примена на ИКТ. Наставниците соработуваат со стручната служба, други училишта и се консултираат со експерти од соодветни области како и користат меѓународни искуства.<br>Поголем број од наставниците редовно посетуваат семинари и стекнатите современи методи на работа ги применуваат во наставата, со што се подобрува квалитетот на реализација на наставните планови и програми. Со посета на семинари и примена на стекнатите знаења во наставата наставниците добиваат сертификати.<br>Во училиштето функционираат активи и во нив се вклучени наставници по сите наставни предмети и во одделенска настава. Тие се : Актив за: I, II, III, IV и V одд. во одделенска настава, Актив на група<br>општествени науки и Актив на група природни науки. За работата на активите наставниците се запознати преку нивните записници во годишниот извештај за работа на училиштето преку усна комуникација.<br>• **Распоред на часови**<br>Распоредот на часови и распоредот за додатна и дополнителна настава го прават наставниците, почитувајќи ги потребите и интересите на учениците.<br>На прашањето поставено во анкетниот прашалник „Се даваат предлози за распределба на наставните часови по наставници“, од вкупно 48 наставници, потполно се согласувам одговориле |

| | |
|---|---|
| | 14-29,17%, во главно се согласувам одговориле 19-39,58%, со делумно се согласувам одговориле 8-16,67% и не се согласувам одговориле 7-14,58%. |

### 3.2. Наставен процес

| | |
|---|---|
| | • **Наставни форми и методи**<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>• **Приодот на наставникот кон учениците**<br>• **Следење на наставниот процес** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишни, тематски планирања и дневни подготовки.<br>• Известување од директорот, список за посета на часови.<br>• Извештај од увид на часови од страна на директорот и стручната служба.<br>• Пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес | • **Наставни форми и методи**<br>Во наставата се користат разновидни форми и методи. Наставниците користат добро испланирани и соодветни методи кои соодветствуваат на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Наставниците работат индивидуално, во мали групи или со цела паралелка во зависност од планираните методи и техники.<br>На прашањето поставено во анкетниот прашалник „Се даваат предлози за подобрување на оперативните планови за час и примена на нови наставни форми, методи и техники на учење при реализација на наставните часови“, од вкупно 48 наставници, потполно се согласувам одговориле 24-50%, во главно се согласувам одговориле 16-33,33%, со делумно се согласувам одговориле 5-10,42% и не се согласувам одговориле 3-6,25%.<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>Изборот на задачи и активностите со различно ниво на сложеност е прилагоден на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат различни ресурси и приоди за учење и настава за учениците да можат да работат со сопствено темпо.<br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>Поучувањето на наставниците е соодветно на возраста и нивото на образование на учениците. Наставниците редовно им ги соопштуваат целите и очекуваните исходи на учениците. Наставниците ги потикнуваат учениците активно да земат учество во наставата. Учењето во училницата е активно, динамично и има добра работна атмосфера.<br>На прашањето поставено во анкетниот прашалник „Постои соработка помеѓу наставниците и учениците“, од вкупно 250 испитаници, потполно се согласувам одговориле 166-66,40%, во главно се согласувам одговориле 65-26%, со делумно се согласувам одговориле 19-7,60% и не се согласувам одговориле 0-0%.<br>• **Приодот на наставникот кон учениците**<br>Наставниците кон учениците се однесуваат на начин кој промовира взаемно почитување, соработка, разбирање и помош. Нема разлики во однос на нивниот пол, етничка и религиозна припадност како и социјално потекло и се трудат и учениците меѓусебно да комуницираат на таков начин.<br>На прашањето поставено во анкетниот прашалник „Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков приод, взаемна почит и поддршка“, од вкупно 250 испитаници, потполно се согласувам одговориле 143-57,20%, во главно се согласувам одговориле |

| | |
|---|---|
| | 74-29,60%, со делумно се согласувам одговориле 30-12% и не се согласувам одговориле 3-1,20%.<br>• **Следење на наставниот процес**<br>Во училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес. Секој настравник најмалку двапати се посетува на час од страна на директорот и стручна служба, за што се изготвува извештај од следените часови и се презентира на Наставнички совет. Целта на следењето на часовите е за подобрување на наставниот процес. |

### 3.3. Искуства на учениците од учењето

| | |
|---|---|
| | • **Средина за учење**<br>• **Атмосфера за учење**<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>• **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Анкета за ученици<br>• Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>• Увид во ученичките досиеја<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>• Програма за работа и извештаи за ученичката заедница | • **Средина за учење**<br>Училишната средина-училницата и другите простории во училиштето, учениците ги доживуваат стимулирачки и мотивирачки преку организирање и изложување на ученички трудови и учество на разни натпревари и вонnаставни активности. Ученичките трудови на учениците се изложуваат на видни места без разлика на пол, етничка припадност, социјално потекло и со различни способности за учење. Се менуваат согласно со целите на наставата и учењето. Секој ученик добива можност да има изложен труд.<br>• **Атмосфера за учење**<br>Според анкетата за ученици поголемиот дел од учениците сметаат дека часовите се интересни, се користат разновидни активности за пристојна атмосфера за работа. За време на часот најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да поставуваат прашања со цел самостојно да дојдат до одреден заклучок по пат на истражување, изработки, проекти. Сите ученици учествуваат во активностите на часот.<br>На прашањето поставено во анкетниот прашалник „За време на часовите се преземаат активности за обезбедување на пријатна атмосфера за работа“,од вкупно 250 испитаници, потполно се согласувам одговориле 128-51,20%, во главно се согласувам одговориле 98-39,20%, со делумно се согласувам одговориле 17-6,80% и не се согласувам одговориле 7-2,80%.<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>На учениците им се овозможува целокупна активност во наставата и имаат можност да го искажат своето мислење при решавање проблеми и одлучување.<br>• **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето**<br>Учениците и возрасните во училиштето заеднички работата на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Преку ученичката заедница се решаваат одредени проблеми во училиштето. |

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

| | |
|---|---|
| | • Идентификување на образовните потреби на учениците<br>• Почитување на различните потреби на учениците во наставата |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Анкета за ученици<br>• Разговор со ученичката заедница, родителите, наставниците<br>• Увид во ученичките досиеја<br>• Увид во евиденцијата на стручната служба<br>Програма за работа и извештаи за ученичката заедница | • **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците. Насочувањето од страна на наставникот за извршување на задачите на часот од страна на учениците е различно. Пречките во процесот на учење на секој ученик се решаваат со индивидуален пристап и диференцијација во наставата како и дополнителна настава. Со децата со посебни потреби се работи по индивидуални образовни планирања за секое дете во соработка со дефектологот на училиштето.<br>• **Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>Во процесот на поучување наставниците користат различни техники за учење. Оценувањето е резултат на целокупната активност на ученикот (се врши врз основа на усни одговори, решавање и изработка на задачи, тестови, проекти и целокупната активност и ангажираност на ученикот). |

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

| | |
|---|---|
| | • Училишна политика за оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>Користење на информациите од оценувањето во наставата |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Програма за работа на училиштето.<br>• Стандарди за оценување;<br>• Користени инструменти за оценување;<br>• Примери на оценети ученички трудови;<br>• Записници од стручни активи;<br>• Анкети со наставници и ученици;<br>• Анкети со родители;<br>• Евиденција на наставниците за остварени средби и соработка со родители;<br>• Интерен кодекс на училиштето. | • **Училишна политика за оценување**<br>Училиштето ги применува законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Секој наставник во тематското планирање има изработено критериуми за оценување. Училиштето има усогласени критериуми за оценување со кои учениците и родителите се запознати.<br>• **Методи и форми на оценување**<br>Сите наставници користат разни методи за оценување на учениците и континуирано го следат и оценуваат нивниот напредок(формативно и сумативно оценување). Преку самооценувањето, меѓусебното оценување водење портфолија уцениците се вклучуваат во процесот на оценување и на тој начин им е овозможено да ги подобрат своите знаења.<br>• **Користење на информациите од оценувањето во наставата**<br>Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, напредок и постигнувања преку пишана и усна информација како и преку сумативни оценки. Со примена на формативното оценување учениците имаат информација и насоки како да го подобрат својот напредок во учењето. Се вреднуваат тековните постигања на учениците и на тој начин се овозможува наставниците да ги планираат идните активности што ќе се применуваат во процесот на учење и поучување.<br>Родителите се редовно информирани за успехот, постигањето и напредокот на своите деца.<br>На прашањето поставено во анкетниот прашалник „Редовно сум информиран(а) за постигнувањата/напредокот на моето дете“,од вкупно 316 испитаници, потполно се согласувам одговориле 210-66,46%, во главно се согласувам одговориле 76-24,05%, со делумно се |

| |
|---|
| согласувам одговориле 23-7,28% и не се согласувам одговориле 7-2,22%. |

### 6.1. Сместување и просторни капацитети

| **• Просторни услови**<br>**Искористеност на просторните капацитети** | |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишна програма за работа;<br>• План за развој на училиштето;<br>• Записници од просветна и санитарна инспекција;<br>• Распоред на часови;<br>• Полугодишен и годишен извештај;<br>• Анкети од наставници. | • **Просторни услови**<br>Училишната зграда е составена од приземје и два ката. Во училишната зграда сите простории за работа се според стандарди и нормативи. Училиштето располага со специјализирани наставни простории за изведување настава за учениците од одделенска настава, специјализирани училници- кабинети за предметна настава и библиотека каде што се организира редовната настава како и воннаставните активности на учениците.<br>• **Искористеност на просторните капацитети**<br>Просторните капаците максимално се искористени и поради големиот број на ученици наставата делумно се одвива во две смени. Училишниот простор ги иполнува условите за изведување на наставата и воннаставните активности. |

**Клучни страни**

- Училиштето ги има обезбедено сите НПП на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности.
- Кај директорот на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава во печатена и електронска форма.
- За послабите ученици и учениците кои имаат потреба во училиштето редовно се одржува дополнителна настава.
- За учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по некој предмет редовно се организира додатна настава.
- Секој наставник индивидуално има изготвено ИОП за учениците со посебни потреби
- Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања кои се евидентираат во одделенските книги. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди, медалји, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.
- Секој ученик има можност да одбере активност според желбата и интересот.
- Во наставата редовно се применуваат искуства од постените семинари
- Одржување на поверемени интерни работилници во почетокот на годината за подготовка на НПП во одделенска настава.
- Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.
- Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.
- Распоредот на часовите го прават наставниците.
- Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи и техники ( вклучувајќи употреба на ИКТ ).
- Задачите што се работат во училиштето или дома се добро испланирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите.
- Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата и очекуваните исходи од учењето.
- Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање.
- Ученицит училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.
- Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување.
- Наставниците во процесот на поучување користат различни техники.
- Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.
- Сите наставници користат различни методи и инструменти за оценување и редовно им даваат повратна информација на учениците и родителите за нивната работа.
- Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на наставата според нормативот. Исто така училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности.

**Слабости**

- Училиштето се уште нема покренато иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми до Министерството за образование и наука и до Бирото за развој на образованието.

**Анализа на резултатите**

Нашето училиште строго работи според наставните планови и програми одобрени од МОН. Наставните планови и програми се достапни како на наставниците така и на родителите. Сите наставници навремено доставуваат годишни планирања (кај директорот). На почетокот на учебната година односно на првата родителска средба родителите општо се запознаваат со наставниот план и прогарама за учебната година.

| |
|---|
| Учениците со наставните планови и програми се запознаваат на првиот час на почетокот на учебната година, поединачно по сите предмети. Се дава можност секој ученик да изврши избор на предмети од изборна настава преку анкетни листови.<br>Советот на родители се запознава со програмите на својата прва седница. Секој наставник индивидуално ја прилагодува програмата за учениците со посебни образовни потреби и изготвува ИОП за секој посебно.<br>За штетните влијаниа на одрдени болести на зависност се даваат информации преку трибини и предавања, но истите треба почесто да се организираат.<br>Сите наставници редовно одржуваат  воннаставни активности според годишните планирања.<br>Учениците активно учествуваат во воннаставните активности и на тој начин лично се афирмираат и придонесуваат за афирмација на училиштето.<br>Наставниците користат разни форми и методи на работа и оценување.<br>Училиштето воглавно работи  според однапред предвидени активности  дефинирани во соодветни правилници усвоени  од соодветните органи. |
| **Идни активности** |
| • Приоритетни подподрачја (оддели) во рамките на ова подрачје кои може да бидат вклучени во планот за развој на училиштето Иницијатива за планирање на активности за прибирање и разгледување на мислења за НПП од страна стручните активи, на Наставничкиот совет, Совет на родители и Училишен Одбор. |

| ПОДРАЧЈЕ 2 | ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Маја Михаиловска**, Драга Филовска, Виолета Симеонова, Лидија Илијовска, Викторија Г. Младеновска, Вера Митровска, Велика Миленковска, Елизабета Митревска, Сашка Младеновска, Александра Бошковска-Спасовска |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| **2.1** | **Постигања на учениците** | • Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди<br>• Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)<br>• Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби<br>• Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава<br>• Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование |
| **2.2** | **Задржување / осипување на учениците** | • Опфат на учениците<br>• Редовност во наставата<br>• Осипување на учениците<br>• Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **2.3** | **Повторување на учениците** | • Ученици кои не ја завршуваат годината |
| **3.6** | **Известување за напредокот на учениците** | • Известување на родителите за напредокот на учениците |
| **4.4** | **Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
| **5.2** | **Промовирање на постигањата** | • Промовирање на личните постигања на учениците<br>• Промовирање на постигањата во име на училиштето |

2.1 Постигања на учениците

| | |
|---|---|
| | • **Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**<br>• **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава**<br>• **Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Дневник на паралелките<br>• Е-дневник<br>• Полугодишен и годишен извештај на училиштето<br>• Статистички извештаи за резултатите на крајот на полугодието и крајот на учебната година<br>• Записник од Совет на родители<br>• Записник од Училишен одбор<br>• Годишна програма за работа и извештај за работа на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Разговор со стручна служба | • **Следење на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) по наставни предмети и по квалификациони периоди**<br>Училиштето ги следи постигањата на учениците по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Се изработуваат прегледи за успех по наставни предмети, полова и етничка припадност. Наставата се изведува на македонски јазик. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби, индивидуални средби во текот на целата учебна година, евидентни листови за успех и поведение и следење на постигањата на учениците преку електронскиот дневник и веб-порталот на училиштето.<br>Учениците од I до III одд. се оценуваат описно.<br>Се следат и постигањата по наставни предмети и по одделенија од IV - IX одд. На полугодие и на крај од учебната година. Учениците од IV-VI одделение на прво и трето тримесечје се оценуваат описно, а на полугодие и на крајот од учебната година се оценуваат бројчано. Учениците од VII-IX одделение се оценуваат бројчано за тримесчје и за крај на година.<br>Во оценувањето се настојува примена на поголема транспарентност и формативно следење и оценување на учениците со што се придонесува за поголема објективност и праведност. Се следи средниот успех на ниво на училиште на прво тримесечје, полугодие, трето тримесечје и крај на година. Зголемување на успехот во последните 3 години има по сите предмети, а намалување по предметите: природните науки и во последните години е во благо опаѓање германски јазик.Останатите предмети имаат незначителна разлика.<br>-На прашањето за наставниците : „Дали од страна на наставниците се даваат конструктивни предлози за подобрување на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците?“, од вкупно 48 наставници со потполно се согласувам одговориле 24 наставници или 50,00%, со воглавно се согласувам одговориле 19 наставници или 39,58%, со делумно се согласувам одговорил 3 наставници или 6,25%, а со не се согласувам 2 или 4,17%.<br>-На прашањето за наставниците : „Дали се врши подобрување на стандардите и критериумите за оценување?“, од вкупно 48 наставници со потполно се согласувам одговориле 15 наставници или 31,25%, со воглавно се согласувам одговориле 19 наставници или 39,58%, со делумно се согласувам одговорил 11 наставници или 22,92%, а со не се согласувам 7 или 14,58%.<br>-На прашањето за_учениците:”Дали се дава редовна усна и писмена повратна информација за |

| | |
|---|---|
| <ul><li>Програма за додатна и дополнителна настава</li><li>Ученички досиеја</li><li>Листа на одржани обуки во рамки на професионален развој на наставниците</li><li>Записник од Наставнички совет и Одделенски совети</li><li>Записници од стручни активи</li><li>Анкети со наставници, родители и ученици</li><li>Кетинг тестови на зрелост</li><li>Флоранса Гудинав тестови</li></ul> | напредокот ,постигањата и потребите за нивно подобрување?” од вкупно 250 анкетирани ученици со потполно се согласувам одговориле 175 ученика или 70,00%, со воглавно се согласувам одговориле 60 ученика или 24,00%, со делумно се согласувам одговориле 13 ученика или 5,20%, со не се согласувам одговориле 2 или 0,80%.<br>-На прашањето за_учениците: “Дали реално сум вреднуван за своето знаење?”, од вкупно 250 ученика со потполно се согласувам одговориле 164 ученика или 65,60%, со воглавно се согласувам одговорил 70 ученика или 28,00%, со делумно се согласувам одговориле 13 ученика или 5,20%, со не се согласувам одговориле 3 ученици или 1,20%.<br>- На прашањето за_учениците: „ Дали сум мотивиран да учествувам на разновидни натпревари?“, од вкупно 250 ученика со потполно се согласувам одговориле 145 ученика или 58,00%, со воглавно се согласувам одговорил 73 ученика или 29,20%, со делумно се согласувам одговориле 23 ученика или 9,20%, со не се согласувам одговориле 9 ученика или 3,60%.<br>-На прашањето за родителите:”Дали вреднувањето е соодветно на постигнувањето на моето дете?”, од вкупно 316 родители со потполно се согласувам одговориле 178 родители или 56,33%, со воглавно се согласувам одговориле 94 родител или 29,75%, со делумно се согласувам одговориле 32 родители или 10,13%, со не се согласувам одговориле 12 родители или 3,80%.<br><ul><li>**Подобрување на постигања на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**</li></ul>Во нашето училиште се следат постигањата и подобрувањето на успехот на учениците во однос на половата припадност и етничка припадност (овие податоци се евидентирани во статистичките извешати за успех на учениците).<br><ul><li>**Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната/додатната настава**</li></ul>За подобрување на постигањата на учениците , наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари со што се постигнуваат високи резултати ( активни методи на работа во групи, тимска работа , разговор , презентација и демонстрација , употреба на ИКТ во наставата ). Со тоа часовите се поинтересно организирани , комуникацијата е поголема , активноста и креативноста на учениците доаѓа до израз и се остварува поголема помош од наставниците. Во нашето училиште редовно се држи дополнителна и додатна настава според претходно изготвен распоред.<br>-На прашањето за родителите: „Дали додатна и дополнителна настава го подобруваат знаењето на моето дете?”, од вкупно 316 родители со потполно се согласувам одговориле 135 родители или 42,72%, со воглавно се согласувам одговориле 97 родители или 30,70%, со делумно се согласувам одговориле 54 родители или 17,09 %, со не се согласувам одговориле 30 родители или 9,49%.<br><ul><li>**Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**</li></ul>Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат при упис во прво одделение преку разговор со стручна служба. Доколку стручната служба идентификува ученици со посебни образовни потреби го насочува родителот за писмено мислење од Центарот за ментално здравје (ЗМЗ), центарот за говор глас и слух. Доколку има други здравствени проблеми (срцево заболување, дијабетис, и др.) се бара информацјија од родителот за здравствената сотојба на детето со цел да се обрне внимание во однос на истото. Доколу постои случај на девијантно однесување, нередовност, слаб успех, бегање од часови и |

слично тогаш родителите се повикуваат со писмена покана и се реализира советување на родители според програма за советување на родители доставена од МОН. Во нашето училиште дефектологот изготвува програма за работа со учениците со посебни образовни потреби во соработка со одделенскиот наставник и родител, води педагошка евиденција за учениците со ПОП, индивидуално работи со ученици, наставници, родители и стручните соработници. Соодветно ги упатува учениците до релевантни установи за подобрување на нивната состојба, соработува со локалната самоуправа, МОН, БРО и со други училишта. Училишниот педагог врши аналитичко-истражувачка работа и ги индентификува надарените и талентираните ученици со кои понатака работи како и со учениците кои имаат потешкотии во учењето.

Учениците со потешкотии во учењето како и надарените ученици се идентификуваат и од страна на наставниците (по секој наставен предмет) и со нив работат преку дополнителна, додатна настава и слободни ученички активности (секции). По одредени наставни предмети, за материја за која наставникот смета дека не е доволно совладана од некои ученици со потешкотии се организира дополнителна настава. Исто и за ученици кои посебно се истакнуваат , преку додатна настава и учество во разни секции се подготвуваат за учество на натпревари. Наставниците по секој наставен предмет имаат изготвено програма за додатна настава и слободни ученички активности по која и работат.

-На прашањето за наставници:„ Дали постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии?", од вкупно 48 анкетирани наставници со потполно се согласувам одговориле 15 наставници или 31,25%, со воглавно се согласувам одговориле 22 наставници или 45,83%, со делумно се согласувам одговориле 3 наставници или 6,25%, со не се согласувам одговориле 8 наставници или 165,27%.

-На прашањето за ученици: „ Дали постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии?", од вкупно 250 анкетирани ученика со потполно се согласувам одговориле 169 ученика или 67,60%, со воглавно се согласувам одговориле 46 ученика или 18,40%, со делумно се согласувам одговориле 28 ученика или 11.20%, со не се согласувам одговориле 7 ученика или 2,80%.

-На прашањето за ученици: „ Дали учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник (СС) доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето?", од вкупно 250 анкетирани ученика со потполно се согласувам одговориле 170 ученика или 70,80%, со воглавно се согласувам одговориле 50 ученика или 20,00%, со делумно се согласувам одговориле 12 ученика или 4,80%, со не се согласувам одговориле 11 ученика или 4,40%.

-На прашањето за учениците: "Дали за подобрување на успехот, редовноста и дисциплината редовно се организираат советувања на учениците?", од вкупно 274 ученици со потполно се согласувам одговориле 159 ученици или 58,03%, со воглавно се согласувам одговорил 66 ученик или 24,09%, со делумно се согласувам одговориле 36 ученици или 13,14%, со не се согласувам одговориле 7 ученици или 2,55 и со немам одговор одговориле 6 ученици или 2,19%.

-На прашањето за учениците: „Дали си мотивиран сум да учествувам на разновидни натпревари?", од вкупно 274 ученици со потполно се согласувам одговориле 145 ученици или 58,00%, со воглавно се согласувам одговорил 73 ученик или 29,20%, со делумно се согласувам одговориле 23 ученици или 9,20%, со не се согласувам одговориле 9 ученици или 3,60.

| | |
|---|---|
| | • **Следење на постигања на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование**<br>Во однос на следењето на постигнувањата на учениците и надминувањето на разликите во постигнувањето на учениците од еден циклус во друг, училиштето треба да ја подобрува својата стратегија за реализација на поставената задача. |

**2.2 Задржување / осипување на учениците**

| | |
|---|---|
| | • **Опфат на учениците**<br>• **Редовност во наставата**<br>• **Осипување на учениците**<br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго** |
| **Извори на податоци**<br><br>• Главни книги<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Статистички извештаи<br>• Список на ученици од реонот на училиштето кои треба да се опфатат во I одд. од надлежните служби на Локалната самоуправа<br>• Известувања на училиштето до МОН и БРО<br>• Главни книги<br>• Преведници<br>• Согласности<br>• Податоци и извештаи од психолошко / педагошката служба<br>• Податоци од одделенски раководители одделенски дневници и е-дневник<br>• Годишен извештај<br>• Записничка книга за новодојдени и испишани ученици | **Информации кои се собрани**<br><br>• **Опфат на учениците**<br>При уписот на учениците во прво одделение се настојува во однос на реонизацијата учениците да бидат максимално опфатени. За таа цел, се оранизира посета од децата на градинките ,,8-ми Март“; ,,Весели цветови“, ,,Синоличка“, ,,Буба Мара“; и др. во општина Кисела Вода.<br>Бројната состојба на учениците по полова припадност се следи на секое тримесечје, на полугодие и на крајот на учебната година. (Податоците се евидентирани во статистичките извештаи за успех и редовност на учениците.)<br>• **Редовност во наставата**<br>Во однос на редовноста на учениците, училиштето континуирано ги следи изостаноците , ги анализира причините за отсуство од настава и навреме превзема конкретни активности за подобрување на редовноста на учениците. Училиштето соработува со родителите односно контактите помеѓу наставници – стручна служба - родители , за причините на изостанување се чести и навремени и врз основа на тоа се доаѓа до сознание дека во оваа учебна година иако редовноста на учениците бележи тренд на покачување, причините за истите се вирусите и епидемиите. Додека пак од статистичките податоци се доаѓа до сознание дека има намалување на неоправданите изостаноци во однос на претходните три учебни години. (Податоците се евидентирани во статистичките извештаи за успех и редовност на учениците.)<br>• **Осипување на учениците**<br>Осипувањето на ученици е незначително. Бројот на ученици кои од различни причини го напуштаат нашето училиште ( преселување , заминување во странство и сл. ) е минимален. Бројот на оние кои доаѓаат од друго место или училиште оваа учебна година (2018 — 2019) е зголемен поради новоизградените згради во непосредна близина на нашето училиште.<br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго**<br>При преминување на учениците од едно во друго училиште се запазува постапката за уредно водење педагошка евиденција и документација и навремено доставување на информации за ученикот и истите ги зема во предвид при натамошна образовна работа со ученикот (согласност и преведница). Податоците се заведуваат во Деловодникот и ученичките легитимации. |

### 2.3 Повторување на учениците

| • Ученици кои не ја завршуваат годината | |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>• Годишен извештај за работата на училиштето<br>• Записник од наставнички совет<br>• Увид во педагошка евиденција и документација | **Информации кои се собрани**<br><br>• **Ученици кои не ја завршуваат годината**<br>Од годишниот извештај на училиштето и статистички прегледи за успехот и поведението, поради нередовност во наставата, во учебната 2017/2018 еден ученик од VII одделение, е пратен на класен испит во август. Причината за неговата нередовност е нарушена здравствена состојба и загрозената социјална положба. Ученикот не ја заврши годината. Во учебната 2018/2019 година нема повторување на ученици. |

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

| • Известување на родителите за напредокот на учениците | |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br><br>• Тестови<br><br>• Наставни листови<br><br>• Контролни задачи<br><br>• Писмени работи<br><br>• Родителски средби евидентирани во Одделенските дневници<br><br>• Евидентни листови<br><br>• Свидетелства за завршено одделение<br>• Успех на учениците евидентиран во Е-дневник<br>• Анкети со родители<br>• Евиденција на наставници за остварени средби и соработка со родители; | **Информации кои се собрани**<br>• **Известување на родителите за напредокот на учениците**<br>Во текот на целата учебна година наставниците според Програмата за работа планираат и спроведуваат тематски тестови, полугодишни и годишни тестови, контролни задачи, писмени работи, наставни листови и др. средства за проверка на знаењата, а преку истите родителите се запознаваат со усвоеноста на наставните содржини од страна на своите деца по одделни наставни предмети.<br><u>Прилог:</u> Ученички портфолија.<br>Родителите на учениците редовно се информирани за постигнатиот успех на своите деца преку родителски средби, индивидуални родителски средби и веб-страницата на училиштето.<br>На родителските средби на кои се истакнува напредокот и успехот на учениците на целата паралелка, а родителите преку евидентните листови кои ги подготвува одделенскиот раководител се запознаваат конкретно со успехот на своето дете. Такви средби на кои се разгледува успехот на учениците училиштето организира најмалку четири пати во текот на учебната година: на крајот од првото тримесечие, на крајот од првото полугодие, на крајот од третото тримесечје и пред крајот на учебната година. Имено пред да се поделат свидетелствата се закажуваат и одржуваат родителски средби со цел родителите да се запознаат со успехот на своите деца на крајот од учебната годината, и, доколку имаат забелешки по истиот можат да поднесат приговор.<br><u>Прилог:</u> евидентни листови за успехот на учениците и свидетелства за завршено одделение.<br>Родителите имаат можност да се информираат од класниот раководител или предметниот наставник поконкретно со успехот, поведението и општо напредокот на своите деца на индивидуални средби во денови утврдени за секој наставник поединечно во Програмата за работа на училиштето. Таквите средби се забележуваат во одделенскиот дневник, стр: 6,7,8,9. На овие индивидуални средби исто така се разменуваат мислења од присуството или потреба од присуство на дополнителни или додатни часови кои секој наставник поединечно ги организира во утврдени термини во текот на целата учебна година.<br>Преку разгледувањето на портфолијата на учениците на индивидуалните или заедничките родителски средби родителите имаат можност поблиску да се запознаат со работата и постигањата на своите деца.<br>Напредокот на своите деца родителите можат да го следат и преку Е-дневникот (од стр.6-13 за учениците |

| | |
|---|---|
| • Советување на родителите од страна на педагошко-психолошката служба | до трето одделение, и, од стр.16-35 за учениците од четврто до деветто одделение)<br>-На прашањето за родителите: “Дали редовно сум информиран за постигањата (напредокот) на моето дете?”, од вкупно 316 родители со потполно се согласувам одговориле 210 родители или 66,46%, со воглавно се согласувам одговориле 76 родители или 24,05%, со делумно се согласувам одговориле 23 родители или 7,28%, со не се согласувам одговориле 7 родители или 2,22%. |

### 4.4 Следење на напредокот

| | |
|---|---|
| | • **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>• **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |
| **Извори на податоци**<br>• Одделенски дневник.<br>• Годишен и полугодишен извештај на училиштето<br>• Записници од состаноците на стручните активи<br>• Записници од наставничките и одделенските совети<br>• Чек-листи<br>• Статистички извештаи за успехот на учениците по паралелки | **Информации кои се собрани**<br>• **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Од досегашните истражувања осознавме дека наставниците од нашето училиште (преку континуирано оценување- формативно и сумативно) водат целосна и уредна евиденција за напредокот на учениците во совладувањата на новите знаења. Притоа евиденцијата им е достапна на родителите, наставниците и стручната служба. Секој наставник има ученичко портфолио за секој ученик во кое се чуваат сите изработки, творби, задачи, тестови кои ученикот ги изработил на тримесечје и полугодие. Преку ученичкото портфолио всушност се оценува и ученикот. Наставниците исто така изработуваат и чек-листи, каде секојдневно го бележат напредувањето на учениците. Тие резултати од секојдневното следење се користат за формирање на крајната оценка на ученикот (која може да биде бројчана или описна). Во текот на учебната година родителите се известуваат најмалку 4 пати за напредокот на учениците, за нивниот интелектуален, емоционален и социјален развој на родителските средби или индивидуалните средби –на отворениот ден на наставници. Напредокот на учениците се запишува во евидентните листови за секое тримесечје. Учениците на крајот од годината добиваат сведителства. Во целокупната евиденција внесени се и податоците за напредок на учениците што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на учениците, што истовремено е и доказ за одличната соработка меѓу наставниците, родителите и стручната служба. Училишнот педагог и психолог во континуитет ги следат постигањата на учениците и индивидуално работат со оние ученици кои имаат намален успех (со повеќе од три слаби).<br>-На прашањето за родителите: „Дали наставниците ги следат индивидуалните способности на моето дете?” од вкупно 316 родители со потполно се согласувам одговориле 178 родители или 56,33%, со воглавно се согласувам одговориле 94 родители или 29,75%, со делумно се согласувам одговориле 32 родители или 10,13 %, со не се согласувам одговориле 12 родители или 3,80%.<br>-На прашањето за учениците: “Дали сум мотивиран да учествувам на разновидни натпревари?”, од вкупно 250 ученици со потполно се согласувам одговориле 145 ученици или 58,00%, со воглавно се согласувам одговорил 73 ученици или 29,20%, со делумно се согласувам одговориле 23 ученици или 9,20%, со не се согласувам одговориле 9 ученици или 3,60.<br>• **Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>Предметните и одделенските наставници од учебната 2010/2011 година водат и електронски дневник сите податоци се внесуваат навреме при што родителите се постојано информирани за целите на наставата, постигнувањата на учениците и стручните соработници.Притоа се подготвуваат редовни извештаи анализи на крајот на секој квалификационен период.Постигнувањата на учениците се анализираат и на Наставничките совети по стручни активи по одделенија. Учениците од I- III одделение се оценуваат описно,V-VI одделение во првото и третото тримесечје описно,а на полугодие и на крајот |

| | |
|---|---|
| | на учебната година бројчано. Учениците од VII- IX одделение се оценуваат со бројчани оценки. Во годишните и полугодишните извештаи се евидентираат и планираните и реализираните часови по наставни предмети, изразени во проценти. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес.Истите се разгледуваат на состаноците на одделенската заедница и се разговара за можниот пад или раст на успехот по одделни предмети. За подобрување на резултатите на учениците и наставата, функционираат и стручните активи по сродните предмети.<br>Преку најразличните форми, методи и техники на формативно и сумативно оценување се следи напредокот на учениците во нашето училиште. Постигнувањата на учениците се следат и преку:тестови на знаења на учениците,контролни задачи,наставни листови, писмени работи, работни листови, неми карти, тетратки за литература и усни одговори- дадени од страна на учениците.Учениците кои имаат потешкотии во однос на постигнувањето на знаењата, задолжително посетуваат дополнителна настава. Додека оние ученици кои покажуваат значителни резултати посетуваат додатна настава. Нашите ученици, се подготвуваат и постигнуваат големи успеси и на натпреварите, кои се реализираат на ниво на училиште, општина или држава. За размена на искуства и знаења се реализираат и отворени часови. Стручните активи соработуваат меѓу себе и со соседните училишта. Наставниците во своите наставнички портфолија прават рефлексија на процесот на оценување на учениците,притоа почитувајќи ги критериумите и стандардите на оценување.Учениците кои постигнуваат резултати и освојуваат награди на државни натпревари се наградуваат со дипломи.<br>-На прашањето за наставниците : „Дали се вршат редовни анализи на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците поединечно, на ниво на паралелка и на ниво на училиште?“ од вкупно 48 наставници со потполно се согласувам одговориле 30 наставници или 62,50,00%, со воглавно се согласувам одговориле 16 наставници или 33,33%, со делумно се согласувам одговорил 2 наставници или 4,17%, а со не се согласувам ниту еден наставник. |

**5.2 Промовирање на постигањата**

| | |
|---|---|
| | • **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето** |
| **Извори на податоци**<br><br>• Годишна програма за работа на училиштето<br><br>• Пофалби, награди, благодарници<br><br>• Интервју со | **Информации кои се собрани**<br><br>• **Промовирање на личните постигања на учениците**<br>Во нашето училиште големо значење се дава на успехот и поведението на сите ученици, независно од полот и етничката припадност. Полугодишните и годишните извештаи се показател за постигањата на учениците по паралелки како и споредбените извештаи од претходните учебни години. Општата социјална клима или етосот на училиштето битно влијаат на постигањата на учениците. Под тоа најчесто се подразбира мотивираноста на учениците и наставниците, личниот и прифесионалниот развој на наставниците, високите очекувања од учениците и поддршката од страна на родителите на училиштето и |

| | |
|---|---|
| наставниците, стручни соработници, ученици, родители<br><br>• Медиумско промовирање на постигањата на учениците<br>• Годишен извештај,<br>• Записници од стручните активи<br>• Одделенски дневници<br>• Промовирање на постигањата на учениците на училишниот веб портал<br>• Изложени трудови на учениците,<br>• Медиумско промовирање на постигањата на учениците,<br>• Анкети со ученици и наставници,<br>• Признанија, пофалници, дипломи | на децата во учењето. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење преку своето максимално залагање за работата, постојаното стручно усовршување и вклученоста во развојни проекти. Постигањата на учениците се вреднуваат коректно и еднакво за сите. Меѓусебната соработка на учениците и наставниците, договарањето и усогласеното дејствување водат кон поквалитетно оценување, а со тоа и кон поквалитетно учење и повисоки резултати на учениците. Оценувањето се врши според стандарди за оценување.<br>Мотивираноста на учениците за знаења е на високо ниво што се постигнува преку користење на тестови на знаења, како и други форми и техники на учење. Како начин за мотивирање на учениците, наставниот кадар успешно го користи пофалувањето. Секоја година се избира првенец на генерацијата според одредени критериуми и процедура, со што се стимулираат учениците во постигнувањето на подобри резултати во учењето. Постигањата на учениците се промовираат на патронатот на училиштето кој се совпаѓа со завршувањето на наставната година. Истите се промовираат и во училишниот хол, на веб-страната на училиштето и во списанието „Наш Свет“ и друго. По повод денот на училиштето се распишува награден, литературен и ликовен конкурс.<br>• **Промовирање на постигањата во име на училиштето**<br>Во годишните програми на училиштето се планираат и реализираат воннаставни активности кои ги одразуваат потребите и интересите на учениците. Се организираат слободни ученички активности преку работата на повеќе секции за кои има одговорни наставници. Училиштето има изградено систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на сите учениците и во пошироката локална средина преку учество на разни натпревари, конкурси, квизови и сл. Учениците имаат можности согласно со своите способности и интереси да ги изразат своите потенцијали и во воннаставните активности. Во последните години евидентирани се голем број добри постигања на учениците на општински, регионални и државни натпревари. Училиштето презема големи активности за поттикнување на наставниот кадар и учениците за учество и постигнување успех на локално, регионално и национално ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците кои постигнале успех на овие натпревари. Како форми на воннаставни активности училиштето организира и ученички ескурзии кои се од рекреативен, спортски и забавен карактер, а тие се изведуваат според донесениот правилникот за екскурзии на ниво на училиште.<br>-На прашањето за родители: „Дали доволно сте информирани за активностите во училиштето?“, од вкупно 316 родители со потполно се согласувам одговориле 162 родители или 51,27%, со воглавно се согласувам одговориле 112 родители или 35,44%, со делумно се согласувам одговориле 33 родители или 10,44 %, со не се согласувам одговориле 9 родители или 2,85%. |

**Клучни страни**

- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност
- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците (според полот, етничката припадност и социјалното потекло), ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста. Училиштето соработува со родителите и локалната средина во врска оваа проблематика
- Родителите навреме се известуваат за постигањата на учениците
- Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите пропишани од БРО
- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците
- Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор
- Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.)
- Идентификацијата на учениците со потешкотии во учењето, со посебни потреби и надарените ученици ја вршат наставниците и стручната служба
- Постои соработка во идентификување на деца со ПОП, емоционални и други потешкотии
- Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник (СС) доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето
- Учениците реално се вреднувани за своите знаења и се мотивирани да учествуваат на разновидни натпревари
- Училиштето соработува со родителите и им дава повратни информации за постигањата и дисциплината на нивните деца.
- Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава
- Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности
- Талентираните и надарените ученици учествуваат на натпревари (општински, регионални републички и меѓународни олимпијади) каде што постигнуваат високи резултати.

**Слабости**

Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус (од I-III, IV-VI и VII-IX одделение ) и од едно до друго ниво на образование
Правилник за наградување на наставници-ментори кои постигнале успех на натпревари и други манифестации со учениците.
Процедура за идентификување на талентирани и надарени ученици во редовната настава.
Споредбена анализа за редовност на учениците според пол и етничка припадност.
Анализа на причините за нередовност на учениците.

**Анализа на резултатите**

Во нашето училиште систематски се следи, споредува и анлизира состојбата со успехот и постигањата на учениците. Наставниците ги применуваат сите стандарди при оценување на учениците, почитувајќи го и кодексот за оценување на постигањата на учениците. Талентираните и надарените ученици редовно се испраќаат да учествуваат на натпревари и постигнуваат високи резултати. Нашето училиште изготвува посебни наставни програми и планови за учениците со посебни образовни потреби. Заради подобрување на постигањата на учениците редовно се изведува дополнителна и додатана настава и се следи напредокот од еден во друг образовен циклус.
Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Направени се споредби на средниот успех, поведението и изостаноците во наведените учебни години.
Систематски се следи редовноста на учениците, се применува интерен протокол за повикување родители и се врши советување на родителите. Не постои диференцијација според полот, етничка припадност и социјално потекло за изостаноците. Се почитува постапката за преминување од едно училиште во друго.
Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците преку кои даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот.

Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, дневникот на паралелката, евидентните листови на секое тримесечје, свидетелства, како и за неговиот/нејзиниот интелектуален, социјален и емоционален развој (од прво до трето одд. деветгодишно образование). Во евиденцијата се внесуваат и податоци за напредокот на ученикот/ученичката што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручните соработници и родителите на ученикот/ученичката.

Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, квизови, музички настапи.

**Идни активности**

Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус (од I-III, IV-VI и VII-IX одделение ) и од едно до друго ниво на образование
Правилник за наградување на наставници-ментори кои постигнале успех на натпревари и други манифестации со учениците.

Изготвување на Процедура за идентификување на талентирани и надарени ученици во редовната настава.

Анализа на причините за нередовност на учениците.

| ПОДРАЧЈЕ 3 | ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ, СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И РАКОВОДНИОТ КАДАР |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Дафина Георгиевска**, Еленора Лазаров, Марина Николовска Ристова, Анета Велкоска, Тодор Здравков, Анета Буковалова, Маја Арсовска |

| Бр. | Оддели во рамките на подрачјето | Теми: |
|---|---|---|
| **6.2** | **Наставни средства и материјали** | • Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>• Училишна библиотека<br>• Потрошен материјал |
| **6.3** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | • Професионален развој на наставниците |
| **6.4** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | • Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>• Ефективност и распоредување на кадарот<br>• Стручната служба како подршка на наставниот кадар |

**6.2 Наставни средства и материјали**

| | • **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>• **Училишна библиотека**<br>• **Потрошен материјал** |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br>• Попис 2018 г.<br>• Анкетен прашалник<br>• Непосреден увид во документацијата на училиштето за набавување на стручна литература и наставни средства, материјали и помагала.<br>• Увид во библиотечната евиденција.<br>• Разговор со директор, стручни соработници, наставници, ученици и технички персонал.<br>• Самоевалуација и план и развој на училиштето.<br>• Годишна програма: полугодишен и годишен | **Информации кои се собрани**<br>• **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагла**<br>Поттикнати од се поголемата оддалеченост на децата од книгата и насочување кон електронските медиуми и живот во виртуелен свет, нашето училиште континуирано се стреми книгата да се најде високо на пиадесталот во процесот на образованитето. За таа цел тековно и постојано се работки кон зајакнување на врската книга- ученик во секоја сфера на наставата. ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ“ располага со разновидна стручна литература по сите предмети застапени во наставниот процес. Бесплатните учебници кои се набавени од МОН, задолжителни во тековната настава, во училишната библиотека има стручни книги и прирачници од областа на современата настава, усовршување на образованието, животни вештини, како и енциклопедии со природно-математички содржини, општествено-јазични теми и други стручни весници, книги, списанија и прирачници. Стручната литература во училиштето е разновидна, а истото се однесува и на наставните средства и помагала, кои што се во согласност со нормативите по сите наставни предмети.<br><br>Покрај фактичката опременост со стручна литература и наставни средства и помагала постојано се прават редовни и дополнителни набавки по сите стручни предмети и области со цел да се следат новитетите и измените во образовниот систем воопшто. |

извештај на училиштето.

- Увид во документацијата за планирани, набавени потрошен материјал.
- Непосреден увид во документацијата на училиштето и интерните акти.
- Развоен план на училиштето.

*Училиштето прави планови за потребите од наставни средства и помагала (книги, прирачници, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ – опрема), а истите во согласност со современите текови во наставата континуирано ги обновува.

* Учењето и наставниот процес се надополнуваат и со планирано користење на ИКТ, а на учениците и на наставниците овозможен им е пристап до интернет. Училиштето е збогатено и со Интерактивни табли (Смарт) што претставува најмодерно наставно средство со неограничени извори на знаења и можности, а истите се користат во секојдневната настава за учениците од прво до деветто одделение.

* Училиштето изврши избор на комисија за увид на состојбата во кабинетите и училниците (работи тековно) која е предложена и изгласана на наставнички совет.

Училиштето изврши избор на комисија за увид на состојбата на нагледни средства и технички помагала и изготвена е листа за приоритет на набавка на нагледни средства и технички помагала која комисија работи тековно.

| Р.б. | Име на нагледното средство | Количина |
|---|---|---|
| 1. | Куќиште МОН | 42 |
| 2. | Постолје за кукуште | 1 |
| 3. | Компјутерско куќиште (администр) | 5 |
| 4. | Сервер | 1 |
| 5. | Лаптоп ASUS (реверс) | 25 |
| 6. | Лаптоп детски (реверс) | 6 |
| 7. | Лаптоп детски-сини | 179 |
| 8. | Компјутери статични | 2 |
| 9. | USB 4port HUB | 191 |
| 10. | USB vg адаптер | 146 |
| 11. | USB card reader (читач на Компјутер) | 3 |
| 12. | Модем адсл | 1 |
| 13. | linksys injecta | 1 |
| 14. | Switch | 2 |
| 15. | Монитори | 368 |
| 16. | Тастатура | 390 |
| 17. | Мауси | 527 |
| 18. | Подлоги за мауси | 312 |
| 19. | Слушалки | 3 |
| 20. | Звучници | 3 |
| 21. | Видео камера | 1 |
| 22. | Смарт табли | 2 |
| 23. | Принтер HP Laser Jet 2035 | 1 |
| 24. | Принтер Canon | 3 |
| 25. | Проектор Beng смарт табла поврзан | 1 |
| 26. | SAMSUNG печатач | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Проектори | 6 |
| 28. | X - box | 252 |

* Според **анкетниот прашалник** за потребите на училиштето за успешна изработка на Самоевалуација 2017/2019 година, во врска со опременост со стручна литература, наставни средства и помагала, наставниот кадар се изјасни на следниот начин:
(во анкетирањето се опфатени 48 наставници)
А) Се врши континуирано одржување / сервисирање на ИКТ опремата и наставните средства
Потполно се согласуваат 2 наставници или 4,17 %
Воглавно се согласуваат 10 наставници или 20,83 %
Делумно се согласуваат 20 наставници или 41,67 %
Не се согласуваат 16 наставници или 33,33 %
- Според извршената анкета на наставниот кадар е утврдено дека тие делумно се согласуваат (42%) со континуирано одржување/сервисирање на ИКТ опремата, со што во иднина треба да се поведе сметка за навременото одржување на опремата за непречено реализирање на образовниот процес.

- **Училишна библиотека**

Училиштето ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Скопје со право може да се пофали со една од најсовремените и најопремени библиотеки која постојано се надополнува. Целта е да се зајакне врската ученик – книга како потреба и неопходен услов за образование.
Библиотеката при ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Скопје во 2013 година доби нов поголем простор во кој се искреирани и беспрекорно функционираат следниве составни делови:
**Читална:** Учениците читаат книги позајмени од библиотеката, пишуваат домашни задачи, користат стручна и дополнителна литература за одредени наставни предмети како енциклопедии, речници, атласи, прирачници а редовно изработуваат проекти, творат и учат.
**Магацин за бесплатни учебници од МОН:** Учебниците се заведени по одделенија и автори и сите залихи на истите се подредени од прво до деветто одделение и се чуваат на посебни сталажи специјално изработени за учебникарскиот фонд. Во ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ“ сите ученици и наставници се снабдени со потребните учебници и целата акција со бесплатните учебници од МОН е успешно реализирана.
**Мини-катче за состаноци:** Во библиотеката постои простор за средби со наставници и стручни соработници од училиштето при реализација на одредени образовно-наставни активности, соработки и договори како и состаноци со надворешни соработници (писатели, професори, педагози, библиотекари, уметници, музичари...) од други културно-образовни институции при работа на одредени проекти од заеднички интерес како на пример: детски поетски фестивали, етно-проекти, промоции на книги, конкурси и натпревари.
**Креативна работилница:** Уметнички искреиран простор наменет за талентирани ученици кои преку своите активности поврзани со библиотекарството, литературата, уметноста, етнологијата и со сите други наставни предмети се стекнуваат со способност за самостојно користење на сиот потенцијал од наставни средства и материјали во реализација на одредени компактни дела во кои

се вкоренети длабоки знаења и темелни истражувања. Основна алатка за постигнување на секое дело е користење на КНИГАТА и токму низ страниците на задолжителните лектири, книгите по слободен избор, стручната литература, вклучувајќи ги и аудио-визуелната и ИКТ-опремата, наставниците, учениците и стручните соработници имаат ефективно и ефикасно планирање, учење и постигнување.

**Библиотечен фонд:** Училишната библиотека располага со солиден библиотечен фонд на книги, а истиот со помош на донации и планирани набавки од година во година се подобрува.

Во библиотечниот фонд недостасуваат повеќе енциклопедии, речници, модерни книги со адекватна и интересна тематика за тинејџерите, приказни за учениците од одделенска настава, дополнителен број на прирачници со методи на современа настава за наставниците како и разни едукативни книги од сите области и за сите ученици.

Во библиотеката потребно е да се надополни и фондот на лектирни изданија од прво до деветто одделение, а оштетените лектири да се заменат со нови.

**Библиотека:** Училишната библиотека е во континуирана служба на севкупниот воспитно-образовен процес и е активно вклучена во креирањето на промените во училиштето. Во контекст на горенаведеното, самоевалуацијата за работата на училишната библиотека ја дополнуваме и со следниве податоци:

Училишната библиотека како постојан извор на информации и знаења кој се користи преку книгите има документаристичка функција во образовниот процес: прибира материјали, стручно ги обработува, ги чува и ги дава на користење.

Физичката и техничката обработка на библиотечната граѓа е стандардизирана во сите библиотеки и ја врши стручниот соработник – библиотекар.

**-**Книжниот фонд од библиотеката е достапен за сите ученици и за сите наставници и стручни соработници, а за истиот има правилник за користење и се врши попис.

**Библиотекар:** Библиотекарот прописно води библиотечна евиденција, изработува самоевалуација и развоен план за библиотеката, креира програма за работа и доставува извештаи за истата, а библиотеката е отворена за користење во текот на целиот училишен ден.

-Наставните средства и материјали уредно се класирани во библиотеката и за истите се прави стратегија за зачувување, обновување, модернизирање и надополнување.

*Училиштето изврши избор на комисија за увид на сосојбата на книжевниот фонд на библиотеката со нови лектирни изданија и стручна литература, како и комисија за увид на набавка на нови лектирни изданија и стручна литература.

**- Дополнителен прилог:**

Лектири – 1380 (56 наслови)
Стручна литература – 1180
Други наслови – 2985 (2004 наслови)
Вкупно книги – 5643
Членови на библиотеката – 470
Број на книги по ученик – 6
Работно време – 8-16 часот
Тековно зголемување: 50
Книги на македонски јазик – 5070
Библиотекар: Анета Велкоска

| | |
|---|---|
| | • **Потрошен материјал**<br>ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ" креира план (за јавни набавки) и во согласност со него обезбедува потрошен материјал во потребната количина за континуирана реализација на наставните и воннаставните активности, согласно со планот и програмата во училиштето.<br>Училиштето навремено ги надополнува потрошените материјали со цел образовниот процес да се одвива без пречки и застој.<br>**Прилог:** Документи и копии од документи. Извештај за извршен увид во работата на библиотекарот на учиилиштето, план за јавни набавки кај секретарот на училиштето. |

### 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

| • **Професионален развој на наставниците** | |
|---|---|
| **Извори на податоци**<br>• Увид во досиејата на вработените;<br>• Увид во правилникот за систематизација;<br>• Разговор со директорот и со наставниците;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Програм за работа на стручната служба.<br>• Програма за менторство.<br>• Развоен план на училиштето.<br>• План за јавна набавка. | **Информации кои се собрани**<br>• **Професионален развој на наставниците**<br>Следејќи го новите тренови во образовноит процес на глобално ниво, како и промените во развојот на учениците, модернизацијата и напредокот во технологијата, нашето училиште прави постојани напори за професионален развој на наставниот и стручниот кадар. Со таквата професионална надоградба кадарот може да одговори на сите нови предизвици и новини во образовниот и воспитниот процес. Училштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој, има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој (вклучувајќи и менторство ) и обезбедува финансиска поддршка согласно идентификуваните потреби. Училиштето има стратегија за десеминирање на знаењето на кадарот. Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот а има и внатрешни механизми за оддавање признанија на кадарот што внесува ефективни иновации во работата. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето на наставниците-приправници им определува ментор. Менторот на приправникот му подготвува програма и друга подготовка потребна за оспособување на наставникот за полагање испит. Менторот изработува извештај за работата на наставникот.Наставниците-приправници се следат преку посета на час од страна на менторот, директорот, психологот, педагог и им се укажува на начинот на водење на педагошката евиденција и документација, се консултираат со останатите колеги и им се помага во работата и при полагањето на приправничкиот испит.<br>Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на годината.<br>Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој преку анкетен прашалник а во соработка со БРО и МОН.<br>ПРИЛОГ: распоред и преглед на обуки, семинари, десеминации, стручни предавањаво годишниот извештај на училиштето и стручните активи.<br>**Според **анкетниот прашалник** за потребите на училиштето за успешна изработка на САМОЕВАЛУАЦИЈАЦА 2017/19 година, во врска со професионалниот развој на наставниот кадар, |

| | |
|---|---|
| | истиот се изјасни на следниот начин:<br>(во анкетирањето се опфатени 48 наставници)<br>А) Транспарентно се врши избор на наставници за посета на семинари и други стручни усовршувања<br>Потполно се согласуваат 15 наставници или 31,25%<br>Воглавно се согласуваат 18 наставници или 37,50 %<br>Делумно се согласуваат 9 наставници или 18,75 %<br>Не се согласуваат 6 наставници или 12,50 %<br>Б) Се врши редовна десеминација на обуки за сите воведени новини и измени во воспитно – образовниот процес ( наставни форми, методи и техники на учење)<br>Потполно се согласуваат 14 наставници или 29.17 %<br>Воглавно се согласуваат 18 наставници или 41,61 %<br>Делумно се согласуваат 12 наставници или 25,00 %<br>Не се согласуваат 2 наставник или 4,17 %<br>В) Постои соработка помеѓу наставниците од иста или различна група на предмети<br>Потполно се согласуваат 16 наставници или 33,33 %<br>Воглавно се согласуваат 24 наставници или 50,00 %<br>Делумно се согласуваат 6 наставник или 12,50 %<br>Не се согласуваат 2 наставник или 4,17 %<br>Г) Наставниците разменуваат искуства и идеи на ниво на стручен/ стручни активи<br>Потполно се согласуваат 18 наставници или 37,50 %<br>Воглавно се согласуваат 22 наставници или 45,83 %<br>Делумно се согласуваат 6 наставници или 12,50 %<br>Не се согласуваат 2 наставници или 4,17 %<br>Д) Постои соработка при реализација на отворени часови<br>Потполно се согласуваат 21 наставници или 43,75 %<br>Воглавно се согласуваат 20 наставници или 41,67 %<br>Делумно се согласуваат 4 наставници или 8,33 %<br>Не се согласуваат 3 наставници или 6,25 %<br>Ѓ) Се обезбедува соработка со наставници од други училишта од општини/други општини во РСМ или други училишта од други држави<br>Потполно се согласуваат 13 наставници или 27,08%<br>Воглавно се согласуваат 18 наставници или 37,50 %<br>Делумно се согласуваат 12 наставници или 25 %<br>Не се согласуваат 5 наставници или 10,42 %<br>Е) Се обезбедуваат навремени информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените<br>Потполно се согласуваат 18 наставници или 37,50 % |

| | |
|---|---|
| | Воглавно се согласуваат 18 наставници или 37,50 %<br>Делумно се согласуваат 9 наставници или 18,75 %<br>Не се согласуваат 3 наставници или 6,25%<br>**Прилог:** Документи и копии од документи. Извештај за извршен увид во досиејата на наставниците, стручна служба и директорот на училиштето. |

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

- **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**
- **Ефективност и распоредување на кадарот**
- **Стручната служба како подршка на наставниот кадар**

**Извори на податоци**

- Интерни акти;
- Разговор со стручната служба, наставниците и директорот;
- Програма за професионален развој на наставниот кадар;
- Програма за работа на менторот и новавработениот во текот на учебната година;
- Анкети на училиштето за професионален развој на кадарот;
- Листи со спроведени интерни обуки;
- Развоен план на училиштето.

**Информации кои се собрани**

- **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно – образовниот процес, вклучувајки и кадар обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги превземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар е соодветно надополнета и олеснета од страна на административно – техничкиот персонал.

**Број на вработени**

| Училиште: | ООУ„ Кирил Пејчиновиќ“ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на вработени: | Машки | 6 | Женски | 60 | Вкупно | 66 |
| Број на вработени од други училишта: | Машки | / | Женски | 3 | Вкупно | 3 |

**Преглед на наставен кадар според видот на работниот однос**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Број на вработени на неопределено време | 61 | Број на вработени на определено време | 8 |
| Број на вработени со соодветно образование | 69 | Број на вработени со несоодветно образование | / |

**Стручни активи**

| Број на стручни активи | 3 |
|---|---|
| Одговорни наставници на активи:<br>Одделенска настава – Маја Арсовска<br>Општествено јазична – Емилија Василевска Спасов<br>Природно математичка – Билјана Крстиќ | |

* Добрата организираност во училиштето доаѓа до израз преку тимската работа на наставниците (стручни активи и активи на одделенија), соработката со административно-техничкиот персонал и стручните служби, кои пак со своите програми за работа допринесуваат за издигнување на наставниот процес на високо ниво.Во процесот на инклузија на децата со ПОП стручните служби и дефектологот со тимска работа овозможуваат вклучување на децата во редовната настава .

- **Ефективност и распоредување на кадарот**

*Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат како тим во рамките на стручните активи. При распределба на кадарот предвид се земаат квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Кога е соодветно, училиштето ангажира специјализирани наставници и експерти во соодветната област кои ефективно работат со наставниот кадар од училиштето. Во случаи на пократо и подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизам за брза и соодветна замена.

* Наставниот кадар, во согласност со нормативите од БРО и МОН ги исполнува условите за стручна квалификација и соодветност и според тоа е распределен на соодветни работни места. Со своето знаење и стручност, која постојано ја надоградуваат со следење на семинари и обуки придонесуваат за перманентно зголемување на ефикасноста во реализирањето на целите во воспитно-образовната дејност. Во училиштето нема родова,етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар.

Поради стремежот за одржување на висок степен на здравствено –хигиенски услови, училиштето во соработка со основачот, прави големи напори за зголемување на бројот на техничкиот персонал заради исполнување на критериумите за хигиенско-технички услови.

**Наставен кадар според степенот на стручна подготовка**

| Стручна подготовка | Машки | Женски | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Средна стручна подготовка | / | / | / |
| Виша | / | 2 | 2 |
| Висока | 3 | 46 | 49 |
| Магистри | 1 | 4 | 5 |
| Доктори на наука | / | / | / |

- **Стручна служба како поддршка на наставниот кадар**

| | консултации, се работи на примена на инклузивноста во наставата и изработка на индивидуални планови за работа со деца со тешкотии во наставата и во подготовка на инструменти за нивно следење и оценување.<br>На тврдењето: „Постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии", од вкупно 250 ученици, со ДА одговориле 67,60% од учениците, со Воглавно-18,40%, со Делумно11,20% , со НЕ-2,80% , а на тврдењето: „ Се организираат трибини/работилници и други активности за почитување на различностите, со ДА одговориле 53,60% од учениците, со Воглавно-30%, со Делумно-11,20% , со НЕ- 5,20% .<br>При реализација на својата програма, наставниците и стручната служба ги препознаваат и успешно се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училиштен контекст.<br>• **Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>Училиштето успева позитивно да ги промовира етничката, културната, верската и јазичната разноликост во заедницата преку самостојни мултикултурни активности од општ карактер, во текот на редовната настава и ОЖВ работилниците. Постојано се води грижа за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот, иако бројот на ученици од различно етничко потекло е многу мал.<br>Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во РМ. Преку истражување на различните обичаи и изложување на трудовите на учениците се промовира разбирање и прифаќање на различноста меѓу народите. Се оствари соработката со училиштето ОУ„Алија Авдовиќ“, с.Батинци, Студеничани, и преку соработка помеѓу тимовите со заедничко создавање на акционен план за спроведување на МИО активности се оствари заедничка активност и дружење на ученици од двете училишта. Тимот кој е задолжен за спроведување на проектот за меѓуетничка интеграција учествува на сите активности поврзани со оваа проблематика. Училиштето ги користи сите можни стратегии за да овозможи соработка и разбирање помеѓу различните религии како и отфрлање на сите можни предрасуди кон оние што се „различни“ од нас. |

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

| | |
|---|---|
| | ▪ **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>▪ **Превенција од насилство**<br>▪ **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>▪ **Квалитет на достапна храна**<br>▪ **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>▪ **Грижа на учениците од социјано загрозени семејства** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Кодекс на однесување на училиштето<br>• Статут на училиштето<br>• Договор склучен со осигурителната<br>• компанија<br>• Договор склучен со фирмата за обезбедување<br>• Безбедносен план<br>• Правилник за противпожарна заштита и заштита од елементарни непогоди<br>• Правилник за видови на пофалби, награди и педагишки мерки на учениците<br>• Интервју со наставниците по ТО, Хемија, Физика и Биологија<br>• Програма за работа на директорот<br>• Годишен и полугодишен извештај на училиштето<br>• Летописна книга<br>• Список за дежурства на наставници<br>• Евидентна книга со записници од дневни дежурства<br>• Евиденција од дежурства на учениците на главниот влез на | • **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>- Училишниот простор е безбеден за изведување на настава во две смени. Примарна заштита и безбедност во училишните простории се обезбедува преку поставување на дежурни ученици и дежурни наставници. Своето дежурство секој ученик и наставник ги евидентира во посебна тетратка за дежурства, со записник за дневно дежурство. За физичкото обезбедување на учениците во училиштето, Општината, има поставено соодветно обезбедување. За постојана дваесет и четири часовна заштита на учениците, во ходниците во 2017 година се поставени камери, така што училишните ходници и училишниот двор се под целосен надзор, со што се обезбедува уште поголема безбедност на учениците низ училишниот простор. Од вкупно 316 анкетирани родители, на прашањето „Моето дете е безбедно во училиште“, потполно се согласуваат 158 родители или 50 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 109 родители или 34,49 %, делумно се согласуваат 38 родители или 12,03 %, не се согласуваат 11 родители или 3,48 %.<br>-Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Обележани се хидранннтните бази, редовно се сервисирани и проверени ПП апаратите. Училиштето има Елаборат на училишната зграда и истиот е јавно истакнат. Училиштето има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди со формирани тимови. Двапати годишно се изведува симулација во случај на елементарни непогоди. Сите наставници се обучени за употреба на ПП апарати, која што обука беше спроведена од страна на стручно лице. Поставени се стрелки за насока за движење на учениците по скалите во случај на елементарна непогода. На влезниот дел на училишната зграда има помошна бетонска рампа од десната страна на влезот за децата со телесни пречки. Подигната е внатрешната ограда во холовите, истата е донирана од страна на „Цементарница“- Скопје. По одредени предмети од природните науки: физика, хемија и биологија се вршат опити и експерименти, секогаш во присуство на предметниот наставник кој ги презема сите мерки за претпазливост. Училиштето располага со приручни аптеки за прва помош, кои ги има кај психологот и предметниот наставник по физичко и здравствено образование и во три други простории (на секој кат по една) и истите постојано се обновуваат.<br>- Училиштето има обучени и сертифицирани лица за давање на прва помош. На ден 27.06.2019 година, се одржа десеминација на сите наставници за давањеће прва помош, со што сите се стекнаа со потврда за посетена обука за давање на прва помош. |

| | |
|---|---|
| училиштето<br>• Програма за работа на психологот<br>• Програма за намалување на насилството во училиштето<br>• Флаери<br>• Фотографии од посета на првата детска амбасада „Меѓаши“<br>• Дневници ( I- IX одд.)<br>• Годишни програми, тематски и дневни планирања за спроведување на проектот ОЖВ<br>• Евиденција за остварена соработка со локалната средина, со УНИЦЕФ, Центарот за социјални работи, Црвен крст<br>• Сертификат за хасап систем од страна на училишната кујна<br>• Записник од извршен инспекциски надзор од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство<br>• Евиденција од остварена соработка со Центарот за социјална работа<br>• Извештај од реализација на програмата за црвен крст Извештај за реализирани активности за општествено-корисна работа<br>• Програма за работа на детската организација<br>• Извештај за работата на одделенската заедница<br>• Извештај на „Еколошката едукација во образовниот систем“<br>• Програма за работа на еколошкото друштво<br>• Извештаи и дневни подготовки за спроведени | - Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност. Посебно се внимава во зимскиот и есенскиот период заради лизгавиот под и расчистување на снегот во дворот и влезовите на училиштето. Нагледните средства се користат во присуство на наставниците.<br>- Се почитува и правилникот за изведување на екскурзии па заедно со учениците и наставниците како придружба е и соодветно медицинско лице.<br>- Училиштето има соработка и со локалната заедница на безбедносен план, а по потреба се бара помош и од полицијата.<br>- Училиштето има Кодекс на ученици кој е истакнат на видно место и Кодекс на наставници кој е истакнат на видно место.<br><br>- Дежурството на катовите на наставниците е истакнато на видно место и спроведувано доследно од страна на наставниците.<br>- Учениците не се обучувани за давање прва помош.<br>▪ **Превенција од насилство**<br>-Во училиштето се забранети сите видови на физичко и психичко насилство. Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно. Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните, што се сметаат за психичко и физичко насилство, како и облици на сексуално вознемирување од врсници и возрасни лица.<br>- Во целите на одделенските часови се реализира содржина од овој тип. Се обработуваат теми и работилници како да се решаваат конфликтите меѓусебно и како да се справат со конфликтни ситуации и да побараат помош. Во рамките на Животните вештини на одделенски час како и на работилниците на стручната служба (Педагог, Психолог и Дефектолог) учениците низ игра се учат на психосоцијални вештини со цел да се придонесе за личниот, емоционален и социјален развој на децата и да обезбеди физичка, ментална и социјална благосостојба за децата. За превенција и распознавање на насилството учениците учат од најрана возраст. Во помалата возраст тоа го прават преку игра и различни текстови со едукативен карактер.<br>- Во училиштето се преземаат секакви мерки за санкционирање на насилство од страна на наставниците, одделенските раководттели и стручните служби. Од вкупно анкетирани 250 ученици, на прашањето „Учениците имаат слобода да побараат помош и поддршка од стручниот соработник доколку се соочат со било каков проблем или потешкотии во и надвор од училиштето“,потполно се согласуваат 177 ученици или 70,80 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 50 ученици или 20 %, делумно се согласуваат 12 ученици или 4,80 %, не се согласуваат 11 ученици или 4,40 %.<br>- Во училиштето со помош на стручната служба се разгледуваат сите фактори кои придонесуваат за секоја првична насилна реакција. Постојат повеке фактори кои влијаат на развојот на насилството– хиперактивност, импулсивност, слаба контрола врз однесувањето, проблеми со вниманието, историја на рано агресивно однесување, како и слаби постигнувања во образованието. Големо влијание имаат врсниците и семејството. Најчесто атмосферата во |

| | |
|---|---|
| работилници за здрава храна<br>• Извештај од спроведениот прашалник за родителите и учениците | домот и некои семејни фактори– лошиот надзор над младите и тешки физички казни за нивно дисциплинирање, конфликти мегу родителите во раното детство мала поврзаност на родителите и детето, ниска социоекономска положба во семејството и дружење со деликвентни врсници. Доколку се појави било кој индикатор детето се следи од класниот и стручната служба како и се настојува да се соработува со родителот и да се одстранат главните причини, а се постапува согласно правилникот за насилно однесување и се применуваат педагошки мерки. Од вкупно 48 анкетирани наставници ,на прашањето „Се дава поддршка при решавање на конфликтни ситуации“, потполно се согласуваат 14 наставници или 29,17 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 26 наставници или 54,17 %, делумно се согласуваат 7 наставници или 14,58 %, не се согласуваат 1 наставници или 2,08%.<br>- Во содржината на записниците на родителските средби се наведува документ во делот од Законот за Основно Образование со кој се информираат родителите дека се упатуваат на советување доколку учениците појават несоодветно и насилно однесување и антисоцијални појави и заслабнато учење.<br>- Децата ги знаат своте права дел од овие содржини се интегрирани во наставните содржини по одделни предмети. Сите вработени ја знаат својата улога и обврска во заштита на децата и нивните права.<br>- Училиштето спречува и укажува на постоење на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците, а голем дел се санкционира и се применуваат некои механизми за постапување и справување со евентуална појава на различните облици на насилство. Еден од нив е држење работилници од стручната служба како и посебни состаноци во присуство на класниот раководител и стручната служба на кои се разговара со учениците и се разјаснуваат постапките и причините за таквото однесување. Доколку наставникот забележи одредени промени во изгледот и однесувањето на детето што укажуваат на можноста за физичко, психичко или сексуално злоупотребување на ученикот се известува стручната служба која ја проверува веродостојноста и се преземаат соодветни мерки и активности.<br>- Жртвите, родителите на жртвите и/или сведоците на насилство не секогаш ја знаат процедурата за поднесување поплаки. Во случај на поплака училиштето во главно постапува навремено. Постои првилник за изрекување на педагошки мерки и агресивно однесување кој е доставен на располагање на класните раководители. Активностите за заштита и безбедноста на учениците се координирани со институциите во локалната заедница.<br>- Родителите се упатуваат на содржини кои се од помош за соработка во тријаголникот ученик –родител-наставник за надминување на потешкотиите и за зголемување на меѓусебната соработка.<br>- Неопходно е предавање на родителите против насилството кај децата.<br>- Училиштето има Програма и Тим за насилството.<br>- Документот во кои се опишани сите облици на однесување на децата кои се сметаат за физичко и психичко насилство и подлежат на казна, не се достапни на увид до децата.<br>• **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>- Училиштето има политика за забрана на пушење, консумирање на алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци, која подразбира дека во училиштето (учлниците, канцеларијата, тоалетите, училишниот двор) не се пуши и не се доаѓа во алкохолизирана |

| | |
|---|---|
| | состојба и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има соработка со МВР и Центарот за социјални грижи, а во училиштето за родителите и учениците се организираат предавања од стручни лица за превенција од пушење, алкохол и дрога и пиротехнички средства и трговија со деца.<br>- На одделенскиот час со учениците се реализираат работилници со содржини од животни вештини, за заштитата од оваа зависност.<br>- Педагогот на ден 29.01.2019 година, 25.02.2019 година, 04.03.2019 година и 11.03.2019 година, реалиираше презентација со дебата на тема „Алкохолот и младите“, во деветите одделенија, за подигнување на свеста на оваа најранлива категорија на деца за пороците на 21 век.<br>- Дополнителна едукација, за превенција од дрога и насилство учениците добиваат по одделни предмети како и на трибини организирани од невладини организации. На прашањето „ Постои активна вклученост на родителите во организација и предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми“,потполно се согласуваат 86 родители или 27,22 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 108 родители или 34,18 %, делумно се согласуваат 89 родители или 28,16 %, не се согласуваат 33 родители или 10,44%.<br>- Во соработка со локалната заедница и општината, училиштето наоѓа начин да спречи користење алкохол и наркотични супстанци во неговиот двор. Во куќниот ред е наведено забрана на внес на вакви супстанци, куќниот ред се чита на почетокот на секоја школска година и е ставен на видно место.<br>- Училиштето нема пропишани процедури за регистрирање на појава на пушење, алкохолизираност и користење на наркотични супстанци во училиштето, туку дејствува во согласност со законските одреби и усвоени начела за заштита на учениците од насилство и злоупотреба.<br>- Лиценцираната агенција за обезбедување, постојано е подготвена за надзор на учениците и нивните постапки во училиштето, училишниот двор како и на екскурзии и собири и други воннаставни активности при што се превенира користење, продавање на секаков вид супстанци во и надвор од училиштето во околината на децата.<br>- Во училиштето има поставено безбедносни камери како превентивни мерки.<br>- Во училиштето е истакнат знак за забрането пушење.<br>▪ **Квалитет на достапна храна**<br>- Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците. Училиштето има сопствена кујна дадена под концесија на Вел- фуд, фирма одбрана од комисијата. Храната се подготвува во училиштето.<br>- За ученици од продолжен престој се организира доручек и топол оброк. Заентерисираноста за ужина е многу мала, па затоа и училиштето ја нема обезбедено. Хигиената во просторијата каде се служи храната е на високо ниво. Секојдневно се остава примерок од храната за испитување во институција надлежна за утврдување на квалитетот на храната.<br>- Секојдневно наставниците од продолжен престој, даваат извештај за квалитетот на храната која им била понудена на учениците тој ден. На прашањето„ Квалитетот на храната во дневниот престој задоволува“,потполно се согласуваат 25 родители или 25,77 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 24 родители или 24,74 %, делумно се согласуваат 39 родители или 40,21 %, не се согласуваат 9 родители или 9,28%. |

| | |
|---|---|
| | - Во соработка со локалната заедница и со општината се воспоставуваат процедури со кои се обезбедува проверка на квалитетот на храната што им се нуди на учениците во продавниците за храна и објектите што нудат храна на учениците во училишната непосредна околина.<br><br>- Училиштето има програма за соработка со родителите, во која, во соработка со наставниците, како тема многу често е реализирана здравата исхрана, за што наставните имаат изготвено извештаи како доказ за истата.<br>- Во училиштето се спроведува постојана едукација на учениците за консумирање здрава храна во рамките на редовните наставни содржини и проектот за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем". Согласно Еко- програмата учениците реализираат активности за здрава храна со цел подигање на свеста за поголема грижа за своето здравје.<br>- Многу често на часот на одделенска заедница, се реализираат работилници на тема „Здрава храна", со цел подигнување на свеста на учениците за консумирање на истата.<br>▪ **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>- Училиштето има процедури за грижа за учениците со телесни пречки во развој и соработува со родителите во обезбедување на нивната грижа. Во училиштето има дипломиран дефектолог, кој индивидуално работи со децата со пречки во развојот. Училиштето нема доволно механизми за вклучување на други лица покрај родителите и соучениците во давањето помош и водењето грижа за децата со телесни пречки во развојот. Училиштето развива квалитетна соработка со нивните родители со цел оптимален развој во рамките на нивните можности со цел зачувување и подобрување на нивното физичко и ментално здравје, емотивна и социјална стабилност. Училиштето соработува со ЦСР и невладини организации кои можат да се вклучат во грижата за нив. Училиштето е отворено за прием на деца со пречки во развојот, но проблем претставува самата инфраструктура на училиштето. Конструкцијата на училиштето е приземје со, два спрата. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, преку поставената пристапна рампа на самиот влез на училиштето. Скалите се дополнителна потешкотија. Сепак постои соработка со родителите и учениците за олеснување како на движењето така и во текот и континуитетот на настава. Соучениците се потикнуваат од страна на стручната слуба и се поучуваат од наставниците за време на одделенскиот час по животни вештини за другарување и пружање помош. Ходниците и учлните се доволно просторни за непречено движење. Клупите со компјутерските кутии и нет мрежи се притеснети за нивно слободно ракување и училиштето не располага со асистивна технологија наменета токму за оваа категорија на деца. Во училиштето не постои посебен тоалет што е достапен за нив. Се реализираат работилници со ученици во рамките на тема соработка, другарство, сите сме различни. Како привремена категорија на деца се и оние кои имаат полесни физички повреди и скршеници односно повреди кои се од привремен карактери за редовно следење на наставата доаѓаат на училиште со помош и подршка на своите родители, своите соученици и наставници. Учениците уште од мала возраст се воспитуваат за кажување помош на своите другарчиња. Од вкупно 48 анкетирани наставници, на прашањето „Постои |

| | |
|---|---|
| | соработка со стручната служба во идентификување деца со ПОП, емоционални и други потешкотии",потполно се согласуваат 15 наставници или 31,25 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 22 наставници или 45,83 %, делумно се согласуваат 3 наставници или 6,25 %, не се согласуваат 8 наставници или 16,67%.<br>- Доколку е неопходно повремено со договор и на сметка на родителите се ангажира дефектолог кој престојува за време на часовите и ја олеснува работат и на паралелката и на самиот ученик.<br>- Доколку ученикот подолго отсуствува од наставата се полага класен испит.<br>- Училиштето има посебна просторија за децата со посебни потреби.<br>- Има вработено дипломиран дефектолог, кој индивидуално работи со децата со ПОП.<br>- Се водат доследно ПОП планови за овие деца изработен од стручната служба, наставниците и родителите, како и постои континуирана вертикална и хоризонтална проодност и соработка.<br>- Во овој период нема ученици со телесен инвалидитет на кои им е потребно пристап на погорните катови.<br>• **Грижа на учениците од социјано загрозени семејства**<br>- Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и кои поради ниската социјална состојба не се во материјална можност да обезбедат доплнителни средства за учество во одредени активности. Имено, стручната служба при самото запишување на учениците, пополнува формулар со податоци за социјалната структура на семејставата на учениците, во однос на тоа дали се приматели на социјална помош. Во евидентните листи се потврдува состојбата во базата за податоци од страна на класниот раководител при што има следење на социо-економска состојба на овие деца. Како олеснување во последните години се и бесплатните учебници кои ги дбиваат сите ученици. Од вкупно 250 анкетирани ученици на прашањето „Постои можност за помош и поддршка на ученици со ПОП, емоционални, социјални и здравствени потешкотии", потполно се согласуваат 169 ученици или 67,60% од анкетираните, воглавно се согласуваат 46 ученици или 18,40 %, делумно се согласуваат 28 ученици или 11,20 %, не се согласуваат 7 ученици или 2,80%.<br>- Кога учениците од социјално загрозените семејства не можат да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување дополнителни средства (на пример, екскурзии, приредби и натпревари) понекогаш им се приоѓа во пресрет зависно од финансиските средства и во соработка со другите родители и нивна иницијатива, локална заедница и институции и невладини организации за пружање помош. Се ослободуваат од плаќање карти и превоз за театарска и друг вид посета. Се настојува во договор со организаторите доколку има можност да бидат ослободени од дополнителни трошоци при изведувањето на екскурзиите (пр. плаќање дополнителни карти при влез во музеи и знаменитости).<br>- За да се помогне на овие ученици и на нивните семејства во текот на една учебна година се организираат повеќе различни хуманитарни акции за собирање на храна, стара облека, училишен прибор и сл. како и помош од донаторски организации. Соработката се остварува мегу учениците, родителите, наставниците и организаторите при што средствата се наменети за хуманитарни цели. Понекогаш и иницијативата за помош е и од ниво на пралелка. Од вкупно 250 анкетирани ученици на прашањето „Се превземаат иницијативи за организирање на активности за помош и поддршка на ученици од социјално ранлива категорија и друг вид на |

| | |
|---|---|
| | проблем",потполно се согласуваат 163 ученици или 65,20 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 63 ученици или 25,20 %, делумно се согласуваат 20 ученици или 8 %, не се согласуваат 4 ученици или 1,60%.<br>-Има потреба од иницијатива за соработка со невладини организации кои пружаат дополнителна помош. |

## 4.2 Здравје

| | |
|---|---|
| | ▪ Хигиена и заштита од болести<br>▪ Грижа за учениците со здравствени проблеми |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Годишен и<br>• полугодишен<br>• извештај на<br>• училиштеото<br>• Флаери<br>• Дневници ( I- VIII<br>• одд.)<br>• Интервју со<br>• технички персонал<br>• Потврда<br>• за извршена<br>• дезинфекција,<br>• дезинсекција и<br>• дератизација<br>• Фактури за набавка<br>• на средстства за<br>• хигиена и<br>• дезинфекција<br>• Потврда за извршен<br>• санитарен преглед<br>• на вработените во<br>• училиштето од<br>• Центарот за јавно<br>• здравство<br>• Санитарни книшки<br>• Програма за грижа<br>• за здравјето на<br>• учениците<br>• Еко училиште | ▪ **Хигиена и заштита од болести**<br>Во училиштето се води грижа за хигиената. Учлниците се чистат по големиот одмор и по часовите. Тоалетите за наставниците и учениците се одржуваат секојдневно. Ходниците, скалите, подот во училниците и останатиот простор се чистат на секој голем одмор и по часовите. По направеното интервју со дел од персоналот и наставниците, како главен проблем се истакна дефицитот од технички персонал. За подобрување на хигиената во училиштето, реновирани се поголем дел од санитарните чворови и дезифицирани (варосани) се голем дел на училници. Во продолжен престој пред секое одење на ручек учениците ги мијат рацете и одат на ручек. Дворот во училиштето секојдневно се чисти од отпадоци и се споведуваат акции за чистење на истиот. Во дворот на училиштето и во секоја училница, како и во холовите има корпи за отпадоци. Земјените површини во училишниот двор се позеленети и редовно се одржуваат.<br>-Во училиштето на почетокот на секоја учебна година од страна на стручни лица, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите простории на училиштето, за што постои потврада за извршување на истата. Училиштето си има свој Еко- одбор, кој си има изготвено своја програма за интеграција на еколошката едукација во наставата и си има назначено свои одговорни наставници. Во тек е проектот „Собирање на пластичен амбалажен отпад " во соработка со Пакомак, со што училиштето за возврат добива сапуњерки кои се поставени во сите тоалети и истите секојдневно се полнат со течен сапун. Училиштето издвојува парични средства за набавка на средства за чистење, дезинфекција, како доказ постојат фактурите за набавка. Вработените во училиштето еднаш годишно вршат санитарен преглед. Учениците редовно ги вршат сите потребни систематски прегледи, систематски преглед за заби и редовно вакцинирање според возраста. Училиштето си има своја програма за грижа за здравјето на учениците и програма на Црвениот крст, каде преку спроведување на активностите од програмите се превенира ширењето на заразните болести.<br>• **Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br>На учениците кои во одреден период се спречени да ја следат редовната настава од здравствени проблеми, училиштето има програма (постапки) преку која се овозможува полесно усвојување на наставните содржини. Постојат ученици со најразлични здравствени проблеми, како што се астма, шекерна болест, епилепсија хемофилија и др. заболувања.<br>-Наставниците тие податоци ги добиваат по спроведено интервју со родителите. Секој од одделенските наставници во соработка со родителите води грижа за таквите ученици. |

| | |
|---|---|
| • Куќен ред | Училиштето соработува и со релевантни институции кои организираат предавања за здравјето на учениците. Доколку се појави значително зголемен број на вирусни заболувања, задолжително се истакнуваат пишани совети на видно место во училиштето, каде што може секое дете и родител да ги прочита. Постои и соработка со многу родители, доктори по струка, кои доставуваат информативни материјали за заштита на здравјето на учениците. За учениците со посебни образовни потреби и пост – конфликтни трауми, од голема помош се разговорите и соработката со стручната служба. Тие во секој момент им стојат на располагање на учениците за решавање на проблемот.<br>***<u>Резултати од спроведената анкета со ученици:</u>***<br><br>• Од вкупно 274 анкетирани ученици на прашањето „Учениците во моето училиште придонесуваат за одржување на хигиената“,потполно се согласуваат 86 ученици или 31,39 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 79 ученици или 28,83 %, делумно се согласуваат 57 ученици или 20,80 %, не се согласуваат 25 ученици или 9,12%, а пак на 27(9,85%) прашалници нема одговор.<br><br>***<u>Резултати од спроведената анкета со родители</u>***:<br><br>• Од вкупно 364 анкетирани родители, на прашањето „ Постои активна вклученост на родителите во организација и предавање, трибини и работилници кои обработуваат актуелни теми“,потполно се согласуваат 115 родители или 31,59 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 94 родители или 25,82 %, делумно се согласуваат 72 родители или 19,78 %, не се согласуваат 51 родители или 14,01%, а пак на 32 (8,79%) прашалници нема одговор.<br><br>***<u>Резултати од спроведената анкета со наставници:</u>***<br><br>• Од вкупно 50 анкетирани наставници, на прашањето „Се води грижа за степенот на хигиената во училиштето“, потполно се согласуваат 9 наставници или 18,00 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 29 наставници или 58,00 %, делумно се согласуваат 11 наставници или 22,00 %, не се согласуваат 1 наставници или 2,00%, нема прашалници без одговор.<br>• На прашањето „Во училиштето се превземаат мерки за заштита на здравјето на учениците“, потполно се согласуваат 27 наставници или 54,00 % од анкетираните, воглавно се согласуваат 18 наставници или 36,00 %, делумно се согласуваат 4 наставници или 8,00 %, не се согласуваат 0 наставници или 0,00%, а пак на 1 (2,00%) прашалници нема одговор. |

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

| | ▪ **Пружање помош при избор на занимање за понатамошно образование**<br>▪ **Грижа за ученици со емоционални потешкотии** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Флаери<br>• Стручни предавања<br>• Анкети<br>• Кариерно катче<br>• Воннаставни активности<br>• Извештаи | • **Пружање помош при избор на занимање за понатамошно образование**<br>Училиштето обезбедува јасни,точни информации за можностите за понатамошно образование, доусовршување или вработување. Во месец мај преку презентации од средните училишта од соодветни преставници, учениците се информираат, а исто така и нивните родители за соодветните струки-занимања,преку промотивни матерјали како флаери или соопштенија. Уште како дополнителна активност училиштето преку- Кариерно катче нуди дополнителни можности за информирање и консултација за учениците и родителите во форма на трибини, работилници и отворени денови за комуникација. Стручната служба има реализирано работилници на тема:,,Кариера”,,,Мојата идна професија,како и ликовни и литературни изразувања во врска си идните занимања.Освен тоа се посетуваат средни училишта, високо образовни институции, разни претпријатија со специфичен кадар дефицитарен на пазарот на трудот и сл. Учениците и родителите делумно се задоволни од добиените информации кои значително им помагаат при почетното насочување во идната професија.Оваа година се преземени активности во делот претприемништво, при што оделни ученици покажаа претприемнички дух. За овие активности имавме подршка од директорот и стручната служба .<br>Училиштето остварува соработка со бизнис секторот при што главна цел е учениците да се запознаат со разни профили на работни места како и сознанија за дефицитарни работни места. Тоа се гледа и од анкетното прашање за наставниците:,,Преку организирани предавања, трибини и извршени посети учениците се запознаваат со одредени дејности од бизниз секторот” , на кое 29,17% одговориле дека потполно се согласуваат, 47,92% воглавно се согласуваат,14,58% делумно се согласуваат и 8,33% не се согласуваат.Од анкетното прашање за учениците:,,Се даваат редовни информации и се спроведуваат активности при професионалната ориентација и одредување на идното занимање”; 42,50% од учениците одговориле со потполно се согласувам,45% одговориле делумно се согласувам,а 12,50 % не се согласуваат,со што се воочува дека треба да се засили редовното информирање на учениците за професионалната ориентација.<br>На крајот од учебната година претставници од средни училишта вршат презентација и доделуваат флаери кои им помагаат на учениците од деветтите одделенија при нивната професионална определба.Дел од средните училишта тие презентации ги вршат во своите простории со цел учениците поблиску да се запознаат со условите за одвивање на наставните и воннаставните активности.<br>• **Грижа за ученици со емоционални потешкотии**<br>Грижа за ученици со емоционални потешкотии секако е горлив проблем во речиси сите училишта така и во нашето училиште.За таа цел се планираат содржини за ранлива група на ученици по препорака на одделенскиот раководител,совет на предметни наставници, стручна служба, а во соработка со родителите.Содржините се прилагодени на возраста, |

| | |
|---|---|
| | интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. За остварување на овие активности училиштето соработува со Центарот за социјална работа како и со високообразовни институции за подршка на наставниците во планирање и реализација на наведените содржини |

| Клучни страни |
| --- |
| • Позитивниот дух и клима владее меѓу сите субјекти во училиштето: наставниците, учениците и останатиот персонал;<br>• Се негува родовата сензитивност  и во него постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло, ја подржува инклузивноста и ја зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот;<br>• Постои одлична соработка со родителите;<br>• Се поттикнува и промовира мултикултурализмот што води кон успешно реализирање на проектот за меѓуетничка интеграција;<br>• Преку сопствената интернет страница, преку разни манифестации, како и преку медиумите, училиштето ги промовира  јавно своите постигнувања и активности;<br>• Училишниот простор и инфраструктура се безбедни за изведување на наставата.  Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците и има План за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди;<br>• Успешно се  соработува со: МОН, БРО, ДИК, Општина Кисела Вода, МВР, детска амбасада Меѓаши, канцеларијата на ЕУ во РМ, медиуми, други училишта итн.<br>• Се почитува и спроведува кодексот на однесување меѓу ученик- наставник- стручна служба- директор-и останатите вработени со кој истите се запознаваат на почетокот на секоја учебна година;<br>• Со години се негува и продлабочуве соработката со локалната самоуправа при реализирање на разни културни, спортски и други активности;<br>• Се води сметка за пристапот во училиштето за потребите на учениците со телесни пречки во развојот, преку пристапна рампа;<br>• Училиштето располага со прирачна аптека за прва помош;<br>• Училиштето има обучен и сертифициран кадар за давање прва помош<br>• Општината има ангажирано агенција за физичко обезбедување<br>• Училиштето пружа грижа и опфат на деца до попладневните часови вклучително топол оброк и чување.<br>• Добри просторни услови за работа<br>• Училиште што поттикнува здрави животни стилови<br>• Поттикнува ученици на голем број вонучилишни активности<br>• Училиште што негува хуманост и толеранција кај најмладите<br>• Отворено е за прифаќање на деца со психички, физички и здравствени проблеми<br>• Постојат повеќе постапки за идентификување на деца со физички, здравствени и емоционални проблеми и ученици со посебни образовни потреби<br>• Во училиштето се спроведува дел од програмата за професионален развој, за чии потреби беше отворено и Кариерно катче и воведување на претприемнички дух од страна на наставниците. |
| **Слабости** |
| • Нефункционалноста на компјутерите и нередовен пристап до интернет<br>• Финансиска подршка при спроведување на наставни и вонnаставни активности<br>• Училиштето нема пишани процедури за регистрирање на појава на пушење, конзумирање алкохол или дистрибуирање и консумирање на наркотични супстанци, се постапува по законските одредби и начела.<br>• Неопходно е предавање на родителите против насилството кај децата.<br>• Документот во кои се опишани сите облици на однесување на децата кои се сметаат за физичко и психичко насилство и подлежат на казна не се достапни на увид до децата.<br>• Децата со физички пречки имаат потешкотии во движењето на горните катови.<br>• Учениците делумно се обучувани за давање прва помош.<br>• Има потреба од иницијатива за соработка со невладини организации кои пружаат дополнителна помош за децата од социјално |

ранлива група.

- Заради дефицит на технички персонал се појавува проблем со хигиената, што се покажа преку резултатите од анкетата;

**Анализа на резултатите**

За позитивниот имиџ на добро училиште и углед во пошироката заедница, препознатливо по квалитетот на работењето допринесуваат сите вработени во истото. Постои стремеж за остварување на мисијата и визијата на училиштето. Постојано се унапредува меѓусебната професионална соработка меѓу вработените, која е една од основните услови за добра атмосфера во училиштето која се пренесува на родителите и посетителите на училиштето. Преку користење на современи методи, форми и техники, наставниот кадар им овозможува на учениците да го постигнат максимумот во развојот на својата личност. Со помош и поддршка од училиштето, родителите и наставниците, учениците учествуваат во различни манифестации од натпреварувачки и културен карактер и нивните успеси се промовираат на интернет страната, медиуми и културни манифестации.

Постои усвоен кодекс на однесување со поставени принципи и правила на однесување на сите структури во училиштето (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители) , кој е изложен на видно место заедно со куќниот ред.

Постои континуирана грижа за здравјето на учениците и за нивната безбедност. Се негува родовата сензитивност и постои еднаков и правилен третман кон учениците од различна полова и етничка припадност и социјално потекло. Се поддржува инклузивноста и се зајакнува партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.

Дисциплината на учениците е на задоволително ниво, а сите новонастанати проблеми со поведението и дисциплината се решаваат тековно. Училиштето има демократски формирана ученичка заедница.

- Училиштето во договор со наставниците има направено распоред за приемен ден на родителите, но и покрај тоа родителите се примат во училиштето во секое време без да се ремети наставата.
- Наставниците квалитетно ја извршуваат својата работа: ги образуваат и збогатуваат своите ученици со знаење, но во исто време тие ги воспитуваат и подготвуваат за реалниот живот во кој тие ќе бидат добри граѓани и идни носители на секојдневието.
- Изработен е план за заштита и спасување од елементарни непогоди, природни катастрофи и незгоди. Поставени се светлечки знаци за безбедно евакуирање од училиштето.
- Безбедноста е зголемена со поставување на камери по ходниците.
- Кадарот е обучен за користење на ПП апарати.
- Во училиштето се води камања за здрава храна во соработка со општината Кисела Вода и нутриционисти кој се грижат за квалитетот на храната во продолжен престој.
- Пристапот во училиштето е прилагоден на потребите на учениците со телесни пречки во развојот, преку пристапна рампа.
- Училиштето има голема соработка со МВР, кој изведува разни работилници за учениците и родителите.
- Училиштети располага со прирачна аптека за прва помош.
- Училиштето ги користи сите позитивни законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално насилство и во случај на поднесување на поплаки училиштето настапува навремено и непристрасно.
- Училиштето организира хумани акции спроведени од ученици и самоиницијативно пронаоѓа спонзори за да им помогне на децата од загрозени социјални семејства и при елементарни непогоди.

**Идни активности:**

- Поставување на мисијата и визијата на училиштето на видно место
- Продложување на соработката со локалната заедница со акцент на културните активности
- Спроведување на активности поврзани со проекти предвидени од МОН, БРО и други институции

| **ПОДРАЧЈЕ 7** | **СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ И ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА** |
|---|---|
| **Членови на работната група:** | **Ирена Шехтанска,** Весна Бошковска**,** Николче Зиков**,** Даниела Јовановска**,** Бетка Спасовска |

| **Бр.** | **Оддели во рамките на подрачјето** | **Теми:** |
|---|---|---|
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница** | • Соработка на училиштето со родителите<br>• Соработка со локалната заедница<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор |

**5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница**

| | |
|---|---|
| | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>• **Соработка со локалната заедница**<br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор** |
| **Извори на податоци** | **Информации кои се собрани** |
| • Педагошка евиденција и документација – дневник од I – IX одд.(стр. 6-13), I-III (110-111), IV – IX (134-135). Истакнат распоред на огласна табла<br><br>• Извештај на училиштето<br><br>• Записници од Совет на Родители<br><br>• Училишен информатор – ,,Повик,,<br>• Фотографии | • **Соработка на училиштето со родителите**<br>Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Секогаш се внимава родителите активно да бидат вклучени во наставниот процес, како и во воннаставни активности Секогаш со години наназад родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца и редовно се консултираат при донесување на Годишната програма за работа на училиштето, но и за сите други проблематики кои се од интерес на нивните деца.Соработката на училиштето со родителите се остварува преку повеќе форми: индивидуални средби,задолжителни родителски средби, отворен ден за соработка и друго.За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор, односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, психологот,педагогот, директорот и секогаш се води евиденција кои посетители доаѓаат и со каква намера заради безбедноста на учениците. Родителите при уписи на ученици во прво одделение редовно се известуваат преку соодветни брошури и информатори направени токму за таа намена.<br>Родителите на учениците кои пројавуваат несоодветно однесување навремено се повикувани на психолошко советување.Учениците преку ученичката заедница се вклучени во донесување на одлуки од нивен интерес.Во училиштето постои професионална соработка помеѓу вработените која придонесува за постоење на добра атмосфера, која се пренесува на родителите и посетителите во училиштето.За реализација на некои содржини и предавања се вклучуваат родители, стручни за соодветната област и се вклучуваат во организирање обуки за соработка со училиштето.<br><br>• **Соработка со локалната заедница**<br>Училиштето соработува со локалната заедница и е вклучено во реализирање на активности од локално |

| | |
|---|---|
| • Летописна книга<br><br>• Евиденција за соработка со локална и деловна заедница<br><br>• Активности (**средби**) организирани од невладин сектор<br><br>• Документација за добиени спонзорства и донации | ниво па и активности кои ги организира државата, во реализирање на заеднички проект и слично. Соработката со голем број установи, особено е интензивна при прославувањето на бројни празници како што се „ Ден на Општина Кисела Вода“, „Денот на екологијата“, „Денот на Европа“, и притоа има доделување на парични награди (ваучери) од страна на општината за талентирани ученици. По тој повод секоја година традиционално се организираат ликовни и литературни конкурси, спортски и други натпревари за училиштата кои припаѓаат на нашата општина со што се зајакнува соработката и се создава позитивен натпреварувачки дух меѓу училиштата во нашата општина.<br>Голем е бројот и на дополнителни активности во кои активно земаат учество учениците од прво до деветто одделение. Организирање свечена приредба по повод првиот училишен ден за првачиња, Учество на ликовен и литературен конкурс по повод одбележување на Денот на општината, Посета на природно-научен музеј:, Посета на детскиот фестивал Златно слвејче, Посета на театарска претстава, Одбележување на 8 Декември ден на Св. Климент Охридски.На поставеното прашање,,Училиштето при реализација на одредени проекти,акции и сл.остварува соработка со граѓански здруженија и донатори потполно се согласува одговориле 29,17%,воглавно се согласува одговориле 41,67%,делуно се согласувам одговориле 20,93%,не се согласувам одговориле 9,33%.<br>• **Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br>Во реализацијата на наставните и вонаставните активности, училиштето соработува со деловни заедници од населбата и пошироко. Соработката се состои во посети и добивање информации за нивниот процес на работа, добивање помош во вид на наставни средства и помагала. А со невладини организации има соработка по нивна иницијатива за организирање акции, предавања посети, работилници и сл.На поставеното прашање:,, Училиштето оставарува соработка со др.образовни институции во РМ и надвор од неа потполно се согласувам одговориле 27,08%,воглавно се согласувам одговориле37,50%,делумно се согласувам одговориле 25% и не се согласувам одговориле 10,42%. |

| Клучни страни |
|---|
| • Во текот на целата учебна година нашите ученици се вклучени во заеднички проекти,наставни и воннаставни активности (културни и спортски) во соработка со локалната заедница.Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>• Локалната зедница преку разни донации придонесува во подобрување на инфраструктурата на училиштето.<br>• Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини,предавања,работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени.<br>• Постои меморандум за соработка со субјекти од локалната заедница и невладината ораганизација.<br>• Постои соработка со деловната заедница и невладината сектор. |
| **Слабости** |
| • Од воочените анализи се надминати слабите страни,а нови не се воочени. |
| **Анализа на резултатите** |
| • Училиштето има постојано добра соработка со родителите.<br>• Соработката со локалната заедница,деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.Таа соработка е продлабочена со потпишување на меморандум. |
| **Идни активности:** |
| • Училиштето има постојано добра соработка со родителите.<br>• Соработката со локалната заедница,деловната заедница и невладиниот сектор е на високо ниво.Таа соработка е продлабочена |

# Самоевалуација

# 2017 - 2019 г.

**Претседател на Училишен Одбор:** **Директор:**

**Павлинка Мијалова** **Борче Миревски**